

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ: НЕЈЗИНА ПРИМЕНА ОД ИСТРАЖНИТЕ ОРГАНИ И ЗЛОУПОТРЕБА ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИТЕ СО ЛУЃЕ

мај 2024

Кофинансиран од Европската Унија
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
IMPETUS
Center for Internet, Development and Good Governance
ЕУ со ТЕБЕ

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ: НЕЈЗИНА ПРИМЕНА ОД ИСТРАЖНИТЕ ОРГАНИ И ЗЛОУПОТРЕБА ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИТЕ СО ЛУЃЕ

Автор: Здружение ИМПЕТУС Центар за интернет, развој и добро управување – Скопје

Благодарност до
Ромулус УНГУРЕАНУ и Љупчо МАРКУДОВ
за нивниот придонес кон публикацијата

маj 2024

Оваа публикација е изработена со
финансиска поддршка на Европската унија
и на Советот на Европа. Нејзината содржина
е единствена одговорност на авторот(ите).
Изразените ставови во никој случај не
може да се сметаат дека го одразуваат
официјалното мислење на Европската унија
или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до
500 збора), освен за комерцијални цели сè
додека интегритетот на текстот е сочуван,
извадокот не се користи вон контекст, не
се даваат нецелосни информации или
генерално не се наведува читателот во
погрешна насока во однос на природата,
опсегот или содржината на текстот.
Секогаш мора да се наведе изворниот текст
на следниов начин,
„© Советот на Европа, година на издавање".

Сите други барања во врска со
репродукцијата/преводот на целиот или
делови од документот, треба да се доставаат
до Директоратот за комуникација,
Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex
или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска
со оваа публикација треба да се упати на
Дирекцијата за комуникации, Avenue de
l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France,
Tel. +33 (0)3 88 41 20 00;
E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

© Совет на Европа, мај 2024.
Сите права се задржани.
Правата на користење ги има Европската
Унија под одредени услови.

# Содржина


Листа на кратенки .......... 4
Извршно резиме .......... 5
1. Вовед .......... 9
2. Методологија .......... 12
   - 2.1. Интервју .......... 12
   - 2.2. Фокус групи .......... 13
   - 2.3. Тркалезна маса .......... 13

3. Моментална ситуација .......... 15
4. Практични предизвици во откривањето трговија со луѓе извршена со ИКТ .......... 19
   - 4.1. Начини на дознавање .......... 20
   - 4.2. Влијанието на ИКТ врз извршувањето трговија со луѓе .......... 22
   - 4.3. Истражување и гонење трговија со луѓе извршена со ИКТ .......... 33

5. Надлежни институции за употреба на ИКТ во борбата против трговија со луѓе извршена со ИКТ .......... 39
6. Човечки и технички ресурси за борба против трговија со луѓе извршена со ИКТ .......... 42
7. Дигитални докази - собирање, обезбедување, чување, заштита, ракување и обработка .......... 46
   - 7.1. Специфичности на дигиталните докази .......... 46
   - 7.2. Предизвици при обезбедување дигитални докази за трговија со луѓе со злоупотреба на ИКТ во Северна Македонија .......... 50

8. Препораки .......... 55
   - 8.1. Препораки за пријавување .......... 58
   - 8.2. Препораки за истрагата и кривичното гонење .......... 60
   - 8.3. Препораки за обезбедување дигитални докази .......... 62
   - 8.4. Препораки за јакнење на јавната свест .......... 65

Анекс 1 – Листа на технолошки алатки идентификувани во рамките на истражувањето .......... 68
Анекс 2 - Прашалници .......... 75
Библиографија .......... 87

# Листа на кратенки

**ГРЕТА** Група експерти на Советот на Европа (СоЕ) за акција против трговијата со луѓе

**ДИТ** Државен инспекторат за труд

**ЕУ** Европска Унија

**ЗАО** заеднички активности за обука

**ИКТ** Информациско-комуникациска технологија

**ЈО** Јавно обвинителство

**МВР** Министерство за внатрешни работи

**МОН** Министерство за образование и наука

**МПП** Меѓусебна правна помош

**МТСП** Министерство за труд и социјална политика

**НВО** невладина организација

**НЕСКМЛТ** Национална единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе

**ОБСЕ** Организација за безбедност и соработка во Европа

**ОЈОГОКК** Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција

**САД** Соединети Американски Држави

**СоЕ** Совет на Европа

**ФП** Финансиска полиција

**ЦУ** Царинска управа

# Извршно резиме

Групата експерти на Советот на Европа (СоЕ) за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА)[1] подготви Студија за онлајн трговија со луѓе преку користење технологија[2] во врска со злоупотребата на новите технологии од страна на трговците со луѓе, но и употребата на новите технологии за откривање и идентификување жртви на трговија со луѓе, обезбедување докази и казнување на трговците со луѓе што опфаќа искуства, предизвици и добри практики од сите земји-членки на СоЕ. Со цел подобар увид во состојбата во Северна Македонија, Канцеларијата на СоЕ во Скопје во рамките на акцијата „Зајакнување на акцијата против трговија со луѓе во Северна Македонија", дел од програмската рамка на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција III", иницираше изработка на оваа публикација за онлајн трговија со луѓе преку користење технологија.

Општата цел е да се истражи тековната состојба/проблемите во откривањето, истражувањето и гонењето на случаите на онлајн трговија со луѓе преку користење информатичко-комуникациска технологија (ИКТ), надлежните институции кои користат ИКТ и се спротивставуваат на криминалот извршен со помош на ИКТ, човечките и техничките ресурси и дигиталните податоци (собирање, складирање, итн.).

Специфичната методологија применета за собирање податоци вклучува интервјуа и две фокус групи со релевантни експерти и професионалци кои работат во областа на ИКТ и борба против трговијата со луѓе на терен. Коментарите/препораките од тркалезната маса со претставници на државни институции и граѓанскиот сектор последователно се инкорпорирани во документот.

1 https://www.coe.int/en/web/anti-human-trafficking/greta Групата експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА) е независно тело кое го следи начинот на кој државите ја спроведуваат Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе. Сите држави-членки на Советот на Европа се обврзани да ја почитуваат Конвенцијата, како и државите кои не се членки, Белорусија и Израел.

2 GRETA, Online and technology-facilitated trafficking in human beings, Full report, April 2022, https://rm.coe.int/online-and-technology-facilitated-trafficking-in-human-beings-full-rep/1680a73e49

Главните наоди и резултати поврзани со актуелната состојба се однесуваат на проблемите во оваа област, капацитетите на надлежните институции да користат ИКТ и да се спротивставаат на криминалот сторен со помош на ИКТ, човечките и техничките ресурси и дигиталните податоци (собирање, складирање, итн.).

ИКТ им дава можност на криминалците да го зголемат пазарот на трговија со луѓе и ги намалува ризиците да бидат фатени од страна на органите за кривичен прогон. Намалувањето на ризикот и одговорноста привлекува повеќе криминалци кон трговијата со луѓе и нивните клиенти кои може да уживаат во недозволените услуги без никакви последици. Трговците со луѓе научија да ја злоупотребуваат технологијата за развој и испорака на нови бесконтактни услуги, како што е трговијата со сајбер секс. Овде, технологијата се користи за да се создаде глобален пазар каде што клиентите во еден дел од светот можат да платат за услуги што ги даваат жртвите експлоатирани во друг дел од светот. Исто така, технологијата им овозможува на трговците со луѓе да го зголемат количеството информации на пазарот што доведува до поголема конкуренција, поголем пристап и ефикасност за купувачите и севкупно зголемување на трансакциите.

Во Република Северна Македонија, во рамките на Министерството за внатрешни работи (МВР) формирана е Национална единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ), што доведе до зголемување на бројот на истрагите за овие кривични дела во последните неколку години. Сепак, за да се подобрат напорите во борбата против трговијата со луѓе и да се обезбеди поддршка за потенцијалните жртви, потребно е воспоставување пристапни алатки и онлајн канали за пријавување. За таа цел, потребна е промоција и зголемена видливост на онлајн алатката „Red Button – Црвено копче“ на МВР и воведување единствена наменска телефонска линија за пријавување случаи на трговија со луѓе со цел да може да се пријавува анонимно, а и доколку има потреба и можност, преку мобилните оператори да се лоцира жртвата.

Овие две компоненти се клучни за олеснување на известувањето, интервенцијата и помошта во случаи на трговија со луѓе.

Во однос на правните аспекти, потребно е подетално да се анализираат и согледаат постојните законски решенија и алатките и инструментите кои ги нудат во однос на можноста проактивно да се откриваат лица кои вршат демнење на интернет и сексуално вознемирување. Тајните (прикриени) онлајн истраги (тајни инфилтрации) не се законски

предвидени и дозволени. Во таа насока, потребна е сензибилизација на органите за кривичен прогон и правосудните органи (МВР, инспекциските органи, јавното обвинителство и судовите) со добрите практики кои може да се користат во откривањето и идентификувањето на случаите на трговија со луѓе, нивните сторители и жртви, но и превенирањето на истите.

Проценката на различните институции вклучени во синџирот на кривична правда и инспекцијата откри суштински прашања поврзани со човечките ресурси. Два критични аспекти се важни притоа: несоодветно ниво на персонал и тешкотии во ефикасно управување со овие ресурси. Дополнително, недостатокот на соодветен софтвер за прибирање податоци и меѓу-институционалната поврзаност по дигитален пат ја отежнува нивната соработка и истрагата. Мобилните тимови годишно идентификуваат значителен број потенцијални жртви на трговија со луѓе, но не се поврзани во електронска датабаза со другите релевантни институции (ЈО, МВР, судовите, ДИТ). Локалната полиција и одредени гранични службеници не спроведуваат темелни испитувања за индикатори за трговија со луѓе, па неидентификувани тргувани лица понекогаш се депортирани без да бидат упатени до соодветните служби за да се добијат значајни информации за начините на извршување на трговијата со луѓе.

Националниот известувач за трговија со луѓе во рамките на канцеларијата на Народниот правобранител препорачува подобрување на идентификацијата на жртвите преку анализа и следење на новите модус операнди за трговија со луѓе како што се злоупотреба на интернетот, на новите комуникациско-информатички технологии, и потребата за креирање соодветни индикатори со цел препознавање, следење и навремено откривање на жртвите на трговија со луѓе.

Ограничувањата со кои се соочуваат органите за кривичен прогон, вклучително и трудовиот инспекторат, во нивната способност проактивно да ги истражуваат законските прекршувања поврзани со трговијата со луѓе се повеќеслојни. Овие предизвици произлегуваат од недоволните човечки, финансиски и технички ресурси, како и од недостатокот на современи технички алатки потребни за ефикасно извршување на нивните должности, што го попречуваат нивниот капацитет да спроведуваат проактивни истраги. За ефективно да се истражат случаите на трговија со луѓе извршени со употреба на ИКТ, истражителите треба да поседуваат соодветна техничка експертиза и вештини.

Во однос на дигиталните докази, карактеристично е тоа што на нивната (не)постојаност и локација не може да се влијае, но важно е да се инсистира да се изготват јасно напишани правила и процедури за постапување со електронски докази, со кои ќе бидат запознаени сите полициски службеници, кои ќе поминат и соодветни обуки за нивна примена и секако обезбедување соодветна техничка опрема за ракување и чување на електронските докази. Потребна е дополнителна длабинска проценка од технички експерти и стручна анализа на постојните технички ресурси на органите за кривичен прогон, заради утврдување на реалните потреби за надградба на капацитетите за откривање и истражување трговија со луѓе олеснета од ИКТ.

Подигнувањето на јавната свест кај граѓаните за сериозноста на трговијата со луѓе преку интернет, како превентивна мерка, е повеќеслоен потфат, кој вклучува конзистентни кампањи за подигање на свеста и сеопфатно медиумско покривање. Суштинскиот аспект на овој напор вклучува развој и дисеминација на промотивни материјали, кои се специјално приспособени за учениците, наставниците и родителите.

Овие материјали имаат двојна цел: за подигање на свеста за опасностите што демнат на интернет и пренесување стратегии како да се заштитиме себе си и блиските од овие дигитални опасности.

Публикацијата со практични препораки, изработена согласно студијата на ГРЕТА, но прилагодена во контекст на Северна Македонија, треба да се дистрибуира и да се користи за обуки насочени кон органите за кривичен прогон, обвинителството, судовите, адвокатите и граѓанските организации. Целта е да се зајакне знаењето за клучните предизвици во истрагите за трговија со луѓе извршени со помош на ИКТ и да се зголеми капацитетот за ефективно да се сузбијат преку подигање на свеста кај надлежните органи за најновите трендови во начинот на работа и алатките за истражување кои се достапни со помош на ИКТ.

Препораките кои се однесуваат на дознавањето за постоење на вакви кривични дела, оперативните аспекти во однос на гонењето и истрагата, дигиталните докази и нивното обезбедување и анализа и превенцијата преку запознавањето на јавноста, треба да се користат за идни активности кои придонесуваат за одржливо градење капацитети, споделување знаење и зајакнување на експертизата, насочени кон клучните засегнати страни (органите на кривичниот прогон, правосудството, адвокатите, инспекциите, граѓанските организации и медиуми, социјалните работници, итн.).

# 1. Вовед

Новите технологии им овозможуваат на трговците со луѓе да врбуваат и експлоатираат жртви, додека истовремено создаваат можности за органите за кривичен прогон да ги употребат за да го превенираат и сузбијат ова злосторство. Во април 2022 година, Групата експерти на Советот на Европа (СоЕ) за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА)[3] објави Студија за онлајн трговија со луѓе преку користење технологија[4] во врска со злоупотребата на новите технологии од страна на трговците со луѓе, но и употребата на новите технологии за откривање и идентификување жртви на трговија со луѓе, обезбедување докази и казнување на трговците со луѓе што опфаќа искуства, предизвици и добри практики од сите земји-членки на СоЕ. Опфатот на оваа студија е прилично широк. Студијата нуди проценка на степенот до кој технологијата влијае на трговијата со луѓе, како и истражување за начинот на делување на трговците со луѓе во контекст на онлајн трговијата со луѓе преку користење на технологија.

Во фокусот на оваа студија е истражувањето на оперативните и правните предизвици со кои се соочуваат земјите-членки – и до одреден степен невладините организации – во откривањето, истрагата и гонењето на онлајн трговијата со луѓе преку користење на ИКТ, како и во идентификувањето на жртвите и подигањето на свеста кај ризичните групи. Од суштинско значење е тоа што студијата, исто така, ги истражува стратегиите, алатките и „добрите практики“ усвоени од земјите-членки и НВО за надминување на ваквите предизвици и подобрување на нивниот одговор на онлајн трговијата со луѓе преку користење на технологија. Студијата ги открива сличностите меѓу земјите, како и искуствата кои конкретно се однесуваат на одредена земјата. Конкретен фокус се става на обуката – земајќи предвид дека инвестициите во човечкиот капитал се еднакво важни како и инвестициите во технолошките алатки. Препораките

3 https://www.coe.int/en/web/anti-human-trafficking/greta Групата експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА) е независно тело кое го следи начинот на кој државите ја спроведуваат Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе. Сите држави-членки на Советот на Европа се обврзани да ја почитуваат Конвенцијата, како и државите кои не се членки, Белорусија и Израел.

4 GRETA, Online and technology-facilitated trafficking in human beings, Full report, April 2022, https://rm.coe.int/online-and-technology-facilitated-trafficking-in-human-beings-full-rep/1680a73e49

извлечени во студијата се однесуваат на активности за подобрување на откривањето случаи на трговија со луѓе преку користење технологија, истрага, кривично гонење, соработка со приватните компании, меѓународната соработка, обуки, правни инструменти и спречување на виктимизацијата и ре-виктимизација. Студија е спроведена во контекст на долгогодишниот интерес на СоЕ за технологијата и трговијата со луѓе. Покрај тоа што нуди систематска проценка на тековната база на докази, оваа студија, исто така, се стреми да им обезбеди алатка за спроведување идни проценки и следење на промените во технолошките и бихејвиоралните состојби на ГРЕТА и другите органи.

Со цел подобар увид во состојбата во Северна Македонија, Канцеларијата на СоЕ во Скопје во рамките на проектот „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија“, дел од програмската рамка на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција III“, ја иницираше изработката на оваа публикација за онлајн трговија со луѓе преку користење ИКТ и употреба на ИКТ во истрага на случаите на трговија со луѓе.

Општата цел е да се истражи тековната состојба/проблеми во откривањето, истрагата и кривичното гонење на случаите на онлајн трговија со луѓе преку користење ИКТ, надлежните институции кои користат ИКТ и се спротивставуваат на криминалот извршен со помош на ИКТ, човечките и техничките ресурси и дигиталните податоци (собирање, складирање, итн.).

Специфичните цели се:

- да ги претстави најновите случувања за случаите на трговија со луѓе (управување со истраги, соработка и комуникација, употреба на технологии, предизвици за размена на информации и меѓународна соработка) и начините на дејствување на сторителите во земјата (вклучувајќи ги и оние на криминалните мрежи),
- да ги презентира, анализира и процени методите, алатките и техниките за истражување со помош на ИКТ, собирање, обезбедување и користење електронски докази во случаите на трговија со луѓе,
- да се прикажат предизвиците, проблемите со доказите (поконкретно обезбедување, заштита, правилно ракување и обработка на електронските докази), научените лекции, најдобрите практики за истражување на случаите на трговија со луѓе овозможени од ИКТ и да се истражат начините за подобрување на оперативната соработка.

Како и во ГРЕТА студијата, и во оваа публикација под ИКТ се подразбираат „информациско-комуникациски технологии, конкретно оние кои се состојат од дигитални и мрежни опкружувања. Технологиите кои им овозможуваат на корисниците да разменуваат дигитални информации преку мрежи ги вклучуваат интернетот, онлајн социјалните мрежи и мобилните телефони“[5].

Публикацијата со практични препораки, изработена согласно ГРЕТА студијата, но прилагодена на македонскиот контекст, ќе се дистрибуира и користи за градење капацитети  планирани во рамките на проектот на CoE, насочени кон органите за кривичен прогон, обвинителството, судовите, адвокатите и граѓанските организации. Целта е да се зајакне знаењето за клучните предизвици во истрагите за трговија со луѓе извршени со помош на ИКТ и да се зголеми капацитетот за ефективно справување со нив преку подигање на свеста кај надлежните органи за најновите трендови во начинот на работа и алатките за истражување.

5 Latonero, M., The Rise of Mobile and the Diffusion of Technology-Facilitated Trafficking. University of Southern California, Annenberg Center on Communication Leadership & Policy, 2012

# 2. Методологија

## 2.1. Интервју

Беа спроведени полуструктурирани интервјуа со три целни групи:

1. Првата целна група опфати претставници на државни институции, експерти, судии и јавни обвинители, адвокати и членови на академската заедница за собирање информации во врска со работата на државните институции задолжени за откривање, истражување и докажување на случаите на трговија со луѓе извршени со помош на ИКТ.
2. Втората целна група опфати претставници од граѓански организации, за да се согледаат и споредат нивните искуства и наоди од спроведени истражувања и/или директна работа (поддршка/помош) со жртвите. Граѓанските организации кои беа поканети да учествуваат во интервјуто се членовите на Секретаријатот и Подгрупата за борба против трговија со деца на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, како и локални граѓански организации кои работат на ова поле.
3. Третата целна група опфати претставници од технолошки компании, интернет провајдери, телекомуникациски компании, ИКТ компании од Северна Македонија, итн.

Интервјуата се користеа за скенирање на состојбите во однос на државните институции (надлежности, оперативни процедури за истрага, капацитети, односи и соработка) и поддршката што граѓанските организации може да ја понудат при откривање на жртвите и сторителите.

Прашањата во интервјуто беа од отворен тип, така што од испитаниците се бараше да дадат повратна информација и елаборирани одговори за да се објасни одредена процедура, прашање и предизвик од доменот на нивната работа. Притоа, се користеа истите прашалници од студијата на ГРЕТА. Прашалниците за сите три целни групи може да се најдат во делот Анекс.

## 2.2. Фокус групи

Во две фокус групи се одржаа одделни дискусии. Фокус групите беа одржани хибридно (во канцеларијата на СоЕ и онлајн преку зум), во времетраење од по час и половина.

Целта на првата фокус група беше да се разговара за активностите кои ги спроведуваат невладините организации на локално ниво и нивните капацитети, како и евалуација на локалните одговори и капацитети на органите за кривичен прогон на локално ниво во однос на новитетите во трговијата со луѓе извршена со помош на ИКТ. Притоа, заедно со учесниците се настојуваше да се откријат практичните прашања и предизвици во меѓу-институционалната координација и соработка на локално ниво. Учесници во дискусијата во оваа фокус група беа претставници од невладини организации кои работат на проблематиката на трговија со луѓе, вклучително и обезбедување правна помош и поддршка на жртвите и претставници од локалните совети за превенција.

Целта на втората фокус група беше да се анализираат националните политики и стратегии и државните одговори во однос на новитетите во трговијата со луѓе извршена со помош на ИКТ и да се откријат празнините, недоследностите и предизвиците во законодавството и капацитетите за меѓу-институционална координација и соработка. Учесници во дискусијата во оваа фокус група беа претставници од Секретаријатот на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, како и претставници од правосудството.

Како набљудувачи во двете фокус групи учествуваа Љупчо Маркудов, експерт за трговија со луѓе и илегална миграција, Јасмина Димитриева, Виш раководител на проект и Александар Ефремов, Проектен асистент од Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје. Прашањата составени за насочување на дискусиите во двете фокус групи се дадени во Анекс.

## 2.3. Тркалезна маса

Откако интервјуата и фокус групите беа завршени и бараните податоци собрани, анализирани и сумирани во нацрт-извештај, прелиминарните наоди со заклучоци и препораки беа презентирани и елаборирани на тркалезна маса со 23 претставници на институциите во Северна Македонија, задолжени за истрага, кривичен прогон, и пресудување на кривичните дела на трговија со луѓе, од невладиниот сектор и

меѓународни организации. Наодите од дискусијата се искористени за да се допрецизира и финализира извештајот, вклучувајќи ги и заклучоците и препораките. Учесниците имаа можност да ги соочат своите мислења и перцепции и заеднички да извлечат релевантни насоки и совети за подобрување на капацитетите и процедурите што ги користат сите актери вклучени во справувањето со трговијата со луѓе која се одвива преку ИКТ.

# 3. Моментална ситуација

Правната рамка за борба против трговија со луѓе во Република Северна Македонија[6] е солидна. Постои континуиран напредок и имплементација на определени измени согласно препораките од релевантните меѓународни организации. Така, во својот трет извештај за евалуација[7] објавен на 24.03.2023, ГРЕТА го поздрави напредокот на Северна Македонија во развојот на законодавната рамка за борба против трговијата со луѓе. Сепак, се даваат извесни препораки за подобрување на правната рамка, особено во делот за обезбедување помош на жртвите на трговија со луѓе. Поздравено е и формирањето на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) и зголемувањето на бројот на пресуди во споредба со претходниот период на оценување. Меѓутоа, од властите се бара да го појаснат мандатот на Државниот инспекторат за труд и да му обезбедат соодветни човечки и финансиски ресурси, како и јакнење на човечките, финансиските и техничките капацитети на органите за кривичен прогон за да им се овозможи проактивно да ги истражуваат случаите на трговија со луѓе, користејќи ги сите можни докази, вклучително и доказите собрани преку посебни истражни мерки (ПИМ), како и финансиски и дигитални докази.

Северна Македонија учествува во Мрежата на националните координатори за борба против трговијата со луѓе на Југоисточна Европа, која во

---

6 Правната рамка се состои од следните правни прописи: Кривичен законик, Закон за странци, Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Национална стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017-2020, Национална стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025, Акциски план за борба против трговија со деца 2021-2025 со Оперативен план за борба против трговија со деца, Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, Стандардни оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица-странци, Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци, Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе, Индикатори за идентификување на претпоставени и потенцијални жртви на трговија со луѓе во случаи на мешани миграциски движења, Индикатори за идентификација на деца/ученици потенцијални жртви на трговија со луѓе за трудова експлоатација.

7 GRETA, Evaluation Report, North Macedonia, Third evaluation round: Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human beings, 24 March 2023, https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573

2018 година усвои Заедничка министерска декларација за регионална соработка во борбата против трговијата со луѓе[8]. Декларацијата ја потврдува посветеноста за заштитата на жртви, кривично гонење на сторителите, спречување на трговија со луѓе, како и воспоставување механизми за обесштетување на жртвите, ја препознава важноста од намалување на побарувачката на услуги од жртвите на трговија со луѓе и ја нагласува релевантноста на интернет технологиите за борба против трговијата со луѓе.

Во Извештајот на САД за трговија со луѓе од 2022 година[9] е забележано дека властите вложиле значителни напори за да ги постигнат стандардите за елиминирање на трговијата со луѓе. Овие напори вклучуваат гонење на повеќе обвинети лица и примена на приоди кои во фокусот ја имаат жртвата за да се намали повторното трауматизирање на децата жртви. Според Извештајот, властите идентификувале значително повеќе жртви и покажале севкупно зголемени напори за превенција и собирање повратни информации од преживеаните жртви на трговија со луѓе. Меѓутоа, властите осудиле помал број трговци со луѓе и полицијата и понатаму нема доволно средства, ни опрема за водење проактивни истраги. Слично на тоа, Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) нема доволно ресурси, и тука се мисли и на персонал, но и на дигитален систем за управување со предмети за справување со сите предмети под негова јурисдикција. Иако повторно биле активирани мобилните тимови, кои секоја година идентификуваат најголем број потенцијални жртви, сепак не се доделуваат доволни средства за нив и покрај ветувањата. Локалната полиција и некои гранични службеници не ги проверувале доследно индикаторите за трговија, па депортирале и лица кои би можеле да бидат жртви на трговија, без да ги упатат на соодветните служби или мерки за заштита за да спречат нивна повторна виктимизација.

Во рамките на канцеларијата на Народниот правобранител е назначен Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција. Задачите на известувачот се да ги следи и оценува севкупните состојбите и активностите за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, да собира и анализира податоци од релевантни институции и организации, да го следи и оценува спроведувањето на Националната стратегија и

8 Заедничка декларација на министрите за внатрешни работи во Југоисточна Европа за јакнење на регионалната соработка во Југоисточна Европа за борба против трговија со луѓе, 16 март 2018 година

9 Извештај на САД за трговија со луѓе за 2022 година, Извештај за трговија со луѓе за 2022 година - Амбасада на САД во Северна Македонија (usembassy.gov)

акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и да дава препораки за подобрување на ефикасноста и ефективноста на борбата против трговија со луѓе и илегалната миграција за подобар институционален одговор и препораки за ревизија на стратегиските цели. Откако е воспоставена оваа позиција и избрано лицето на 01.12.2019, досега се составени три извештаи кои се фокусираат на различни фази од процесот на тргување со луѓе[10]. Во извештаите не се забележува анализа на ефикасноста на истражните органи за справување со трговијата со луѓе спроведена преку ИКТ. Единствено, во извештајот од 2022 година е дадена препорака за подобрување на идентификацијата на жртвите преку анализа и следење на новите модус операнди за трговија со луѓе како што се интернетот, новите комуникациско-информатички технологии, како и креирање соодветни индикатори со цел препознавање, следење и навремено откривање на жртвите на трговија со луѓе.

Во 2023 година во Кривичниот законик[11] се вметнаа и кривичните дела демнење и сексуално вознемирување. Со нив се предвиде парична казна или затвор до три години за тој што демне, односно: „*неовластено следи, прогонува, или на друг начин се меша во приватниот живот на друг или со него воспоставува или настојува да воспостави од него несакан контакт со движење во просторот каде се наоѓа тоа лице, со злоупотреба на користење на личните податоци, со користење средства за јавно информирање или други средства за комуникација, или ако на друг начин психички го злоставува, вознемирува или заструшува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиско лице*“. Казната е поголема ако ова дело го стори некој близок на жртвата, односно сегашен или поранешен интимен партнер, како и доколку делото е сторено кон дете, па во тој случај казната може да достигне и до пет години затвор. Ова беше одговор на законодавецот на случајот кој се дозна во 2020 година под име „Јавна соба“, каде во затворена група на апликацијата Телеграм се споделуваа слики и видеа од девојки (некои пратени во доверба, други преземени од социјалните мрежи,

---

10 Извештај за предизвиците во процесот на идентификација на жртвите на трговија со луѓе во тек на 2020 година; Извештај за предизвиците и ефикасноста на надлежните институции во Република Северна Македонија во процесот на превенција, идентификација и спроведување на заштита на жртви на трговија со луѓе во тек на 2021 година; Извештај за предизвиците во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија во тек на 2022 година.

11 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на РСМ бр. 36/2023 од 17.02.2023

дополнувани со Фотошоп), со недолични коментари, но и контакти од девојките. Меѓу нив имаше и малолетни девојчиња. Со ваквите измени се санкционира и сексуалното вознемирување, па со казна затвор до една година затвор може да се казнат тие што „*со вербално, невербално или физичко дејство, како и преку користење електронски средства за комуникација кои имаат директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување сексуална страст или друго дејство кое јасно потсетува на сексуален однос или други со него изедначени сексуални дејства, и со тоа ќе го повреди неговото достоинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв*“. Доколку овие дејствија се сторени спрема лице што му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од дроги, бременост или тешки телесни или душевни пречки, предвидената казна е повисока и се движи од шест месеци до три години затвор.

# 4. Практични предизвици во откривањето трговија со луѓе извршена со ИКТ

Во овој дел се прикажуваат начините на дознавање, односно пријавување на трговијата со луѓе во Северна Македонија, влијанието на ИКТ врз извршувањето на ова дело, како и предизвиците поврзани со истражување и гонење трговија со луѓе извршена со ИКТ. Во однос на откривањето, истражувањето и гонењето на трговија со луѓе преку користење технологија, Студијата на ГРЕТА ги идентификувала следните предизвици, кои ќе бидат споредени и разгледани во македонски контекст:

- Континуирано растечкиот обем на онлајн активности/интеракции. Следењето на содржините на интернет бара премногу ресурси и подлежи на законски ограничувања (вклучувајќи ги законите за приватност и ограничувања за користење веб-роботи во некои земји);
- Обемот на онлајн огласи (отворени и класифицирани) и за сексуални и за друг вид на услуги честопати е премногу голем за рачно да се пребарува;
- Потешкотии во идентификувањето и на сторителите и на жртвите, бидејќи тие можат да користат прекари и псевдоними кога работат онлајн и може да користат софтвер за анонимизирање (на пр., VPN);
- Користење на шифрирана комуникација помеѓу трговците со луѓе и жртвите. Разговорите меѓу трговците со луѓе и жртвите се одвиваат во затворени групи;
- Однесувањето на интернет корисниците кое се карактеризира со брзи промени;
- Предизвиците во сортирањето на онлајн рекламите за да се идентификуваат оние поврзани со трговијата со луѓе и во контекст на сексуални и во контекст на несексуални услуги. Предупредувањата, односно црвените знаменца, во врска со рекламите поврзани и со сексуалната и со трудовата експлоатација сѐ уште се недоволно развиени или не се користат постојано;
- Непостоење на специјализирани единици во рамките на полицијата и/или недостаток на специјализирани истражители за трговијата со луѓе со напредни компјутерски вештини. Недостаток на службеници обучени да вршат тајни операции на Интернет. Сајбер-операциите може да бидат долги и да одземаат многу време;
- Процес кој одзема време како резултат на испраќањето на барања до компаниите сопственици на социјалните медиуми и недобивањето на одговор од страна на некои од нив;
- Кратки периоди на задржување податоци за IP адреси и потешкотии во обезбедувањето на пристап до нив.

## 4.1. Начини на дознавање

Често, жртвите на трговија со луѓе не го пријавуваат делото, затоа што и не го препознаваат случајот и неговата сериозност, односно не се воопшто свесни дека биле жртви. Во малкуте случаи во кои пријавуваат, тие не препознаваат дека се жртви на трговија со луѓе, туку пријавуваат бидејќи се чувствуваат излажани, измамени или обесправени, а тоа е особено кога се работи за трудова експлоатација. Слична е и ситуацијата кога жртви на трговија со луѓе се деца, а особено кога се регрутирани со помош на ИКТ. Децата не ги пријавуваат и ги кријат случаите од своите родители поради срам. Но, кога не можат повеќе да ја поднесат и „да ја контролираат" состојбата во која се наоѓаат (реално никогаш и немале контрола, контролата ја имал предаторот), дури тогаш разговараат со своите родители/старатели и им се доверуваат за тоа што им се случило. Сепак, и во таквите ситуации, постојат случаи кога родителите/старателите не пријавуваат до надлежните органи за да „се избегне срам" за семејството.

Пријавување случаи на трговија со луѓе до полицијата е возможна преку онлајн алатката Red Button (Црвено копче)[12] достапна на интернет страницата на МВР, која може да се користи и од жртвите, но и од секој граѓанин кој има какви било сознанија или информации од областа на злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе. Сепак, за случаи кои се итни или за кои постојат докази дека се вршат во моментот, граѓаните, наместо понудената апликација, треба веднаш да пријават на телефонскиот број 192. Притоа, не постојат индикатори за мерење на ефективноста на оваа алатка, на пример, преку статистика за случаите кои биле пријавени преку оваа апликација и кои добиле крајна разрешница. Во однос на ова, Извештајот на САД за трговија со луѓе од 2021 година[13] констатира дека „Владата на Република Северна Македонија нема жешка линија за пријавување неправилности, но МВР има апликација за пријавување различни дела, вклучително и трговија со луѓе; апликацијата имаше примено три пријави поврзани со трговија со луѓе во 2020 година". Дополнително на ова, МВР има отворено и е-маил адреса cybercrime@moi.gov.mk за пријавување секаков облик на криминал извршен во сајбер/онлајн просторот.

Покрај МВР, следните граѓански организации нудат можности за пријавување, информации, но и поддршка на жртви од трговија со луѓе:

[12] https://redbutton.mvr.gov.mk/default

[13] Извештај на САД за трговија со луѓе за 2021 година, Извештај за трговијата со луѓе за 2021 - Амбасада на САД во Северна Македонија (usembassy.gov)

- Отворена порта – Ла Страда има СОС линија за информација, поддршка и заштита од трговија со луѓе – 0800 11111,
- Првата детска амбасада во светот – Меѓаши има СОС телефон за деца и млади: 0800 1 2222 (бесплатна линија),
- Македонското здружение на млади правници и СОС Детско село нудат правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела – правна поддршка: 075238837 и психолошка поддршка: 071277180,
- Организацијата на жените на општина Свети Николе има канцеларија за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка: нуди средба со психолог телефонски, на 032444620 или преку електронска порака на womsvetinikole@yahoo.com.

Испитаниците во ова истражување укажаа дека во Северна Македонија нема лесно достапен и видлив систем за пријавување содржини и веб-страници за кои се сомневаат дека се поврзани со нелегални активности, вклучително и трговија со луѓе заради сексуална и трудова експлоатација. Преку ваков систем поставен, на пример, на интернет страниците на органите за кривичен прогон, би му се овозможило на секое лице да пријавува сомнителни интернет страници, содржини, профили итн., а соодветните институции би можеле навремено да реагираат.

Неколку државни институции се надлежни за примање пријава за случај на трговија со луѓе на локално ниво, а тоа се: надлежната полициска станица, основното јавно обвинителство и центарот за социјална помош. Според информациите собрани од разговорите со испитаниците во истражувањето, постоечките протоколи за меѓу-институционална координираност на терен и процедурите за постапување не се почитуваат целосно од страна на локалните субјекти, па отворањето и водењето на случаите е бавно. Притоа, како што укажаа и претставниците на граѓанските организации кои работат на обезбедување и пружање одредена помош и поддршка на жртви од трговија со луѓе (правна, психо-социјална и сл.), како и сајбер насилство, вклучени во истражувањето, недостасува комуникација меѓу нив и органите за кривичен прогон. Тие сметаат дека може да споделат информации релевантни за истрагата, а до кои дошле преку остварената комуникација со жртвите.

Од друга страна, постојат и случаи кога граѓанските организации пријавиле случаи на измами со нудење работа преку интернет, но им било кажано дека „сега не е време“ за тоа, при што пројавија сомнежи за компетентноста и професионалното работење на надлежните органи. Причините за ваквите ситуации би можеле да се бараат во недоволната стручност и експертиза за документирање на случајот и обезбедување

докази, како и отсуството на софтверски алатки за проактивна онлајн идентификација на измамниците од страна на надлежните органи на локално ниво.

Со оглед на тоа дека локалните полициски службеници немаат доволно знаење за трговијата со луѓе и не ја известуваат редовно НЕСКМТЛ при МВР за постоење потенцијални случаи, идентификацијата на жртви отсуствува. Како резултат на тоа, во тек се неколку судски постапки за трговија со луѓе за период од пред повеќе од 5 години, а со оглед на овој временски период, собирањето докази е исклучително отежнато.

## 4.2. Влијанието на ИКТ врз извршувањето трговија со луѓе

**Корона-кризата го продлабочи проблемот со трговијата со деца, 16.08.2021**
https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/корона-кризата-го-продлабочи-проблем/

Лејла Дервишагиќ, оперативна директорка на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје:
*Интернетот и социјалните мрежи дефинитивно играат многу голема улога во трговијата со деца. Социјалните мрежи служат за споделување информации и запознавање на младите, но исто така носат и голема опасност за нив, така што од голема важност е да се предвидат и применат превентивни и заштитни мерки. Ако порано децата немаа пристап до мобилни телефони, компјутери и интернет, денес младите генерации секојдневно се во контакт со истите. Пристапот до овие технологии ја зголемува појавата на „подведување и заведување“, преку страниците за играње видео игри и социјалните мрежи. Извештаите покажуваат дека за време на пандемијата, која беше предизвикана од КОВИД-19, многу се зголемија онлајн врбувањето и експлоатацијата на деца со помош на разни алатки преку социјалните мрежи.*

Во текот и по кризата предизвикана од пандемијата КОВИД -19, луѓето голем дел од своите работни активности, интеракција, комуникација, па и начин на живеење го префрлија во онлајн просторот и сè повеќе ја користат ИКТ. Обемот на онлајн активностите континуирано се зголемува. На ваквите текови се прилагодија и криминалците, вклучително и трговците со луѓе. Трговијата со луѓе како кривично дело сè повеќе се извршува преку интернет, а загрижува и фактот што возрасната граница се намалува и доколку жртвите пред десетина години биле од 16 години нагоре, сега се од 10 до 17 години. Криминалците сè повеќе ја таргетираат онаа група што најмногу го користи интернетот, а најмалку се информирани за опасностите. Па така, наоѓањето и врбувањето жртви за сексуална и трудова експлоатација, вклучително и деца го водат преку новите форми на комуникација – социјалните медиуми, платформи, форуми. Користењето на онлајн комуникацијата за криминалците овозможува поголема анонимност и поголема профитабилност и поради тоа сè повеќе се ориентираат на регрутирање и контрола на жртвите преку интернет-комуникација. Тие најпрво воспоставуваат комуникација, односно се запознаваат со жртвите со лажно претставување преку лажни профили за да ја стекнат нивната доверба, се запознаваат со нивните семејни прилики, ги идентификуваат нивните слабости и желби, излегуваат на средби во живо, а потоа продолжуваат со користење уцени и измами на најразлични начини. Најчесто тоа се случаи на сексуална експлоатација, но се врбуваат и за бракови и за трудова експлоатација. Наоѓањето клиенти, исто така, за користење на услугите од експлоатираните лица, се одвива онлајн.

**Акција на српската полиција, уапсени 12 педофили кои на интернет демнеле жртви од 7 до 14 години, 20.09.2023**
https://mia.mk//story/акција-на-српската-полиција-уапсени-12-педофили-кои-на-интернет-демнеле-жртви-од-7-до-14-години

Во полициска акција Армагедон, низ цела Србија, уапсена е група од 12 педофили, поради сомнение дека сториле кривични дела прикажување, прибавување и поседување порнографски материјал и искористување малолетник за порнографија и сексуално вознемирување.

Тие се сомничат дека во подолг временски период, преку интернет, со користење апликации за споделување датотеки, преземале, чувале на хард дискови и делеле содржини создадени со искористување деца за порнографски цели, а исто така, преку социјалните мрежи, од нивните налози влегувале во комуникација со малолетници, испраќале фотографии и видеа од порнографски содржини и прибирале содржини кои произлегуваат од експлоатација на малолетници.

При претрес на становите на осомничените и увидот во компјутерите, пронајдени се поголема количина видео клипови и фотографии создадени со искористување малолетници за порнографски цели, содржини за сексуална експлоатација на деца на возраст од 7 до 14 години и други фотографии и видеа од експлицитна злоупотреба на деца за порнографски цели, како и пораки со сексуална содржина со кои осомничените сексуално вознемирувале деца и малолетници.

Акцијата Армагедон е започната во 2010 година и во неа досега се уапсени стотици луѓе. Во Србија се регистрирани 675 педофили.

Криминалците, или предаторите, како што се именуваат, со оглед дека извесно време демнат, идентификуваат и напаѓаат, го користат сајбер просторот за регрутирање жртви на трговија со луѓе од неколку причини:

- **Анонимност**: интернетот им овозможува да го сокријат својот вистински идентитет со креирање и користење лажни профили на социјалните медиуми и другите платформи, што на органите на кривичниот прогон им отежнува да ги следат и откријат. Токму оваа анонимност обезбедува чувство на сигурност за предаторите.

- **Пристап до широка публика**: интернетот обезбедува пристап до огромни и разновидни целни групи на потенцијални жртви. Предаторите можат да таргетираат поединци од различни локации и потекло, што им ги зголемува нивните шанси да пронајдат ранливи цели.
- **Лесна комуникација**: онлајн платформите обезбедуваат лесни и приватни средства/канали за комуникација. Предаторите можат да ги најдат и да се поврзат со потенцијалните жртви преку апликации за пораки, социјални медиуми, е-пошта, „chat rooms" преку одредени онлајн игри, што го олеснува градењето доверба и манипулирањето со нив со текот на времето.
- **Можности за воспоставување доверба**: предаторите го користат онлајн просторот за да воспостават контакт и да ја стекнат довербата на жртвите, да ги разберат нивните ранливости и постепено да манипулираат со нив во експлоататорски ситуации.
- **Глобален досег**: трговијата со луѓе често е транснационална и понекогаш вклучува транспорт на жртвите преку граници. Интернетот им овозможува на трговците со луѓе да ги координираат и управуваат ваквите операции на регионално и глобално ниво, од регрутирање до транспорт и експлоатација, без притоа жртвата да го напушти домот во кој живее.
- **Намален физички ризик**: за разлика од регрутирањето кое порано се одвиваше лично, кое може да биде ризично за трговците со луѓе поради потенцијална изложеност во јавност и полесно детектирање од страна на органите за кривичен прогон, регрутирањето преку интернет ги минимизира физичките ризици поврзани со активностите на трговија со луѓе.
- **Ниски трошоци**: регрутирањето преку интернет може да биде исплатливо за трговците со луѓе во споредба со традиционалните методи на врбување. Тие можат да стигнат до повеќе потенцијални жртви без значителни трошоци.
- **Безличен пристап**: некои предатори може полесно да ги уценат своите жртви кога комуницираат на интернет, што им олеснува психолошка контрола и надмоќ над нив.
- **Достапност 24/7**: интернетот функционира постојано, дозволувајќи им на предаторите да контактираат и онлајн да се дружат со потенцијалните жртви во секое време, зголемувајќи ги нивните шанси за успешно регрутирање.

Дополнителен проблем на сето ова создава и подемот на вештачката интелигенција. Иако нејзината употреба во трговијата со луѓе не е широко распространета, сепак е загрижувачки тренд. Некои од начините на кои трговците би можеле да ја користат вештачката интелигенција се, на пример, користењето алгоритми управувани од вештачка интелигенција за целите на регрутација и рекламирање, користењето манипулирани (изменувани) слики и видеа за создавање лажни профили или генерирање експлицитна содржина со нив, како и за доаѓање до поголем онлајн пазар преку користење платформи или апликации управувани од вештачка интелигенција. Згора на тоа, и криптовалутите, односно системите за плаќање преку интернет кои се користат од страна на трговците со луѓе и нивните клиенти и им овозможуваат анонимност и брзо плаќање, го отежнуваат следењето на финансиските трансакции и откривањето на трговците со луѓе од страна на органите за кривичен прогон. Тие се користат, бидејќи може лесно да се плаќа преку граници, заобиколувајќи ги ограничувањата за трансфери на готовина помеѓу земјите. Употребата на повеќе дигитални „паричници" (посебен паричник за секоја трансакција) создава дополнителни предизвици за полицијата и органите за борба против перење пари за следење на трансакциите и следење на моделите.

**Трговија со луѓе: Криминалците ги таргетираат децата, тие најмногу го користат интернетот, а најмалку се информирани за опасностите кои ги демнат онлајн, 18.10.2022**
https://www.slobodenpecat.mk/trgovija-so-lugje-kriminalcite-gi-targetiraat-decata-tie-najmnogu-go-koristat-internetot-a-najmalku-se-informirani-za-opasnostite-koi-gi-demnat-onlajn/

Според Националната координаторка за борба против трговија со луѓе и државен секретар во МВР, Магдалена Несторовска, онлајн комуникациите колку што имаат позитивни ефекти во информирањето на граѓаните, имаат негативни ефекти кои произлегуваат од недоволната информираност како онлајн комуникацијата може да биде злоупотребена.
Трговците со луѓе голем дел од своите пред се подготвителни активности во врска со извршувањето на кривичното дело, а и самото кривично дело го извршуваат преку злоупотреба на компјутерската технологија, што значи дека ги уловиле зошто од една страна постои недоволна информираност на жртвите и за тоа колку е можно да биде злоупотребена информатичката технологијата, а од друга страна за нив како криминалци, лица кои вршат криминално дело им се овозможува поголема анонимност и поголема профитабилност, потенцира Несторовска, додавајќи дека годинава вкупно има 8 жртви на трговија со луѓе, а од нив 7 се малолетници. Таа додаде дека едно од овие 8 лица е веќе детектирана жртва на трговија со луѓе преку онлајн комуникација.
Тоа говори дека криминалците ја таргетираат онаа група која најмногу го користи интернетот, а најмалку е информирана за опасностите кои произлегуваат од злоупотребата на информатичката технологија, рече Несторовска.

Според информациите од правосудните практичари вклучени во интервјуата и фокус групите, во последно време, во органите за кривичен прогон забележан е зголемен број случаи на трговија со луѓе во кои на одреден начин била вклучена ИКТ (за регрутирање на жртвите, експлоатирање и сл.). Тука треба да се напомене дека и претходно ИКТ се користела во случаите на трговијата со луѓе, но во последниот период, после пандемијата од КОВИД, употребата на интернетот е позачестена.

Најчесто комуникацијата помеѓу трговецот и жртвите започнала и се одвивала токму преку социјалните мрежи, како Инстаграм, Фејсбук, Месинџер и др. Притоа, станува збор за млади жртви, помлади од 20 години.

Дополнително на ова, најчесто во делови од источниот дел од земјата, постојат многу случаи и на договорни бракови, што е веќе дел од традицијата на одредени локални заедници. Во голем дел од нив, младоженците се малолетни, па нивните родители одлучуваат за нив. Најчесто ваквите случаи не се пријавуваат и не се процесираат од органите за кривичен прогон. Во 2022 година се идентификувани 6 малолетни лица, жртви на присилен брак[14].

Во таа насока, и Третиот извештај за евалуација на ГРЕТА[15] забележува дека бројот на формално идентификувани жртви на трговија со луѓе е низок (меѓу 2 и 9 годишно, освен во 2021 година кога биле идентификувани 48 жртви на трговија со луѓе од кои 39 жртви од Тајван), со придвижување кон трудовата експлоатација како доминантна форма на експлоатација. Во случајот со лицата од Тајван кои дошле во Северна Македонија[16] била користена ИКТ за нивното врбување, но и за понатамошните измами кои жртвите ги вршеле под притисок на трговците. Задачата на жртвите била преку интернет да воспоставуваат контакти со потенцијални жртви на финансиска измама. Тие биле поделени во три групи како телефонски оператори што работеле на три нивоа. „Операторите" во првото ниво на жртвите со кои комуницирале, се претставувале како службеници во банка, поштенска служба или осигурителна компанија. Во второто ниво, со цел да прибават целосни лични податоци, се претставувале како полициски службеници и барале доказ од жртвите за извршена уплата на измислена казна врз основа на која ги краделе личните податоци на жртвите. „Операторите" од третото ниво претставувајќи се како обвинители и судии, ги убедувале целните жртви дека ќе се соочат со тешки обвиненија доколку не соработуваат и не префрлат одреден износ на парични средства на сметки што биле наменети за наводно намалување, односно ослободување од казната.

---

14 Радио Слободна Европа, Тренчевска: Годинава три девојчиња биле цел на сексуална експлоатација, 30.05.2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32435138.html

15 GRETA, Evaluation Report, North Macedonia, Third evaluation round: Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human beings, 24 March 2023, https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573

16 Пресечен меѓународен канал за трговија со луѓе од Тајван, 28.05.2021, https://jorm.gov.mk/presechen-me%D1%93unaroden-kanal-za-trgovi%D1%98a-so-lu%D1%93e-od-ta%D1%98van/

Според испитаниците од истражувањето, во државата се забележани и агенции за посредување при вработување и нудење можности за „работа и патување“ за студенти, кои не се лиценцирани за давање на овие услуги и за кои не се проверува нивното работење. Најчеста мета се студентите. Во последно време како дестинации за работа кои се нудат се и Грција и Турција, особено во земјоделскиот сектор. Неколку студенти се пожалиле дека условите за работа не биле онакви какви што им биле ветени и договорени на почеток, па дури и дека им била ограничена слободата на движење. Инаку трудовата експлоатација е вториот најприсутен облик на трговија со луѓе на целиот Балкан и најчесто се случува во земјоделскиот, индустрискиот, текстилниот и угостителскиот сектор. За регрутирање на жртвите на трудова експлоатација, трговците исто така може да се послужат со интернет. Лажната платформа за работа во ЕУ, која НВО „Отворена порта“ ја искористи за подигање на свеста кај лицата кои бараат вработување, укажа дека голем број од корисниците на оваа платформа воопшто не биле свесни за ризикот кој го носат лажните огласи за работа во странство.[17]

Онлајн предаторите се голема закана за децата. Тие го користат интернетот и ИКТ алатките за врбување жртви на трговија со луѓе и нивна експлоатација. Најчести жртви притоа се токму децата, кои невнимателно споделуваат свои податоци, слики и видеа со други лица. Ваквиот начин на експлоатација обично започнува со некаков вид психолошка манипулација (воспоставување врска со малолетната жртва), потоа „секстинг“ (создавање и/или споделување сексуално сугестивни слики од жртвата), сексуална уцена „онлајн“ (уценување на детето жртва со неговите слики за да се изнуди сексуална услуга или пари) или сексуална злоупотреба во живо (принудување дете на сексуални активности) и сексуализирани материјали што прикажуваат деца.[18]

Во едно училиште неколку девојчиња имале проблем со еден ист предатор. Реагирала и локалната полиција, но притоа не се испочитувала процедурата за известување во рамките на МВР, па проблемот останал да се реши во рамки на училиштето, без покренување соодветна постапка.

---

[17] Ла страда – Отворена порта, Можност или експлоатација, https://lastrada.org.mk/kampanji/mozhnost-ili-eksploataci-a/

[18] ECPAT International, Online child sexual exploitation: A common understanding, 2017, https://www.ecpat.org/wp-content/uploads/2017/05/SECO-Booklet_ebook-1.pdf

**Децата жртви на пандемијата: Расте криумчарењето и трговијата со луѓе, малолетните најчесто за сексуална експлоатација, 20.08.2021**
https://denesen.mk/decata-zrtvi-na-pandemijata-raste-kriumcharenjeto-i-trgovijata-so-lugje-maloletnite-najchesto-za-seksualna-eksploatacija/

Љупчо Маркудов, началник на Единицата за трговија со луѓе и криумчарење мигранти и помошник раководител на Националната единица за сузбивање криумчарење на мигранти и трговија со луѓе го опиша еден од начините за регрутација на жртви на трговија со луѓе преку интернет:
*Девојче на 15 години од асоцијално семејство, родителите разведени, мајката не заинтересирана за детето, таткото живее надвор од Република Северна Македонија. Стапува во контакт преку социјална мрежа со дечко, две до три години постар од неа, се зближуваат, договараат заеднички средби. Две средби се реализираат со дечкото, а на третата се појавува „таткото“. Ги носат во друг град во нашата држава, заедно живеат во стан, одат по кафулиња, по туристички места, девојчето е среќно, конечно наоѓа нешто што личи на љубов, меѓутоа тоа многу брзо се менува. Девојчето се затвора во стан, во еден од градовите во државата и тука под дејство на дрога, алкохол е доведена во состојба на послушност и принудена да дава сексуални услуги на машки лица.*
*Многу деца, иако не се спремни за брак, ниту физички, ниту психички, присилно стапуваат во брак и тука од страна и на целото семејство се сексуално експлоатирани, се принудувани да вршат тешки физички домашни работи што не одговараат на нивната возраст, психичкиот и физички развој. Многу често вршат и тешки полски работи или питачење, работа на пазар, итн. Тоа се главните форми на експлоатација кога се работи за децата.*

Во училишните средини, постои Протокол за спречување и постапување во случај на насилство од 2021 година, кој се однесува и на сексуално и сајбер насилство[19] како видови насилство на кои можат да станат потенцијални жртви и учениците. Протоколот има за цел да ги информира и едуцира сите засегнати страни во училиштата (учениците, родителите, наставниците, итн.) и да им го покаже начинот на пријавување, постапување и реакција во случај на насилство. Сите засегнати страни треба да бидат добро запознати со овој Протокол и охрабрени да пријават било какви знаци или случаи на онлајн злоупотреби на децата.

На социјалните онлајн-мрежи може да се приклучат и тинејџери, но и понатаму е задолжително да се водат редовни разговори заради зачувување на нивната безбедност и приватност. Родителите и старателите се клучни во заштитата на децата на интернет и мора да бидат повеќе внимателни и да контролираат како нивните деца го користат интернетот. Возможно е поставување ограничување на времето поминато на интернет на детето во текот на еден ден. Покрај родителите, и наставниците треба да се грижат за безбедноста на децата и на младите додека се на интернет и треба да ги потсетуваат учениците за безбедно користење на интернетот и потенцијалните опасности кои ги демнат во онлајн просторот.

Во рамките на сајбер насилството влегува и секстингот[20]. Тоа се однесува на испраќање или примање сексуално експлицитна содржина, како што се слики, видеа или текстуални пораки, обично преку мобилни телефони. Оваа практика опфаќа низа активности, вклучувајќи: споделување сексуални или експлицитни слики, размена на голи фотографии и селфи слики, испраќање сексуално сугестивни текстуални пораки, споделување слики во долна облека или со минимална облека, итн. Младите

---

19 Протоколот го дефинира сексуалното насилство како „*физичко, вербално или симболичко однесување од сексуална природа со кое лицето сексуално се вознемирува, навредува или приморува на однесувања со сексуална содржина кои не ги сака, не ги разбира, не може или нема дадено согласност. Сексуалното насилство вклучува: поттикнување и присила за сексуална активност, злоупотреба на лицето и креирање небезбеден простор, употреба и дистрибуција на аудио и визуелни материјали*“. Понатаму, сајбер насилството се дефинира како „вид на вознемирување и директни акти на насилство преку користење на информациско-комуникациски алатки и технологии како што се мобилните телефони, компјутерите и интернетот. Сите дејствија како размена на фотографии и видео клипови, праќање пораки (е-маил, смс, чет), директна/индиректна размена и објава на информации со сензитивен карактер за некое лице, креирање на лажни профили и други дејствија без претходно директна дадена согласност, поттикнување и реализација на насилство преку социјални мрежи се вбројуваат како елементи на сајбер насилство.“

20 Повеќе информации за секстингот на следниве линкови: Britannica

чувствуваат дека ако споделуваат интимни слики само со нивното момче или девојка, тоа е прифатливо. Сепак, создавањето или дистрибуцијата на сексуални слики или видеа во кои се вклучени лица помлади од 18 години, е всушност нелегално. Со препраќање на ваквите експлицитни содржини, всушност се врши производство и ширење на порнографски материјал на малолетници, што е определено како кривично дело во законодавството. Секстингот и понатамошното споделување имаат опширни последици. Откако ќе се испрати фотографија или слика на некого, веќе се губи контролата врз нејзината понатамошна дистрибуција. Дури и кога тоа се испраќа на некој кому му се верува, секој може да ги пренесе овие содржини на трети лица или да ги складира на интернет. Доколку тоа се случи и содржините станат јавни, веќе настапуваат и психолошките последици за жртвата (срам, понижувачко чувство, каење, жал, недоверба, затворање во себе, депресија, гнев, омраза, агресија, итн.).

Еден важен канал кој носи различни закани за децата, почнувајќи од приватност и злоупотреба, до манипулација и радикализација, се и онлајн – игрите и платформите за текстуална комуникација. Според истражувањето на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал[21] двете најчести форми на вознемирување во онлајн – игрите се доксинг и сватинг. Доксинг е кога еден или повеќе „онлајн“ учесници бараат лични, идентификувачки информации за одреден корисник за цели на уцена или заплашување. Доксингот често може да доведе до објавување на вистински имиња, телефонски броеви, домашни адреси, информации за работодавачот и многу повеќе. Сватингот е форма на вознемирување што користи техники на доксинг за да создаде вистинска, опиплива закана. Вознемирувачот го пријавува корисникот кој е доксиран кај локалните органи за спроведување на законот, честопати тврдејќи дека на адресата на жртвата има ситуација на киднапирање или дека има заложник, за да ја заплаши, уценува и врши контрола врз жртвата.

[21] Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал, Искористени пред нашите очи, Проценка на комерцијалната сексуална експлоатација на децата и одговорите за заштита на децата на Западен Балкан, Извештај од истражување, 2021, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2021/05/Web-PDF-CSEC-Report-Exploited-in-Plain-Sight-Macedonian-final.pdf

## 4.3. Истражување и гонење трговија со луѓе извршена со ИКТ

Во Северна Македонија уште во 2011 година е откриен првиот случај на интернет намамување дете за да изврши полови дејства.

**Педофил преку Фејсбук намамил дете за да го обљуби, 2011**
http://www.childrensembassy.org.mk/informator-br-40-ns_article-pedofil-preku-fejsbuk-namamil-dete-za-da-go-obljubi.nspx

Струмичанецот А.Т. (25) преку социјалната мрежа „Фејсбук“ запознал 10-годишно момче и откако се договориле да се сретнат, го намамил да одат на друго место, каде што сакал да изврши полови дејства врз него. Случајот во полиција го пријавила мајката на детето. Против А.Т. е поднесена кривична пријава за намамување за обљуба или друго полово дејство на малолетник што не наполнил 14 години.
Истрагата утврдила дека осомничениот на 18 март 2011 година преку „Фејсбук“ почнал комуникација со десетогодишникот од градот и почнал да го наговара да се сретнат. Детето прифатило, па во следните три дена два пати се сретнало со осомничениот. На втората средба, на 21 март А.Т. го убедувал детето да одат во близина на црква за да извршат полови дејства. Детето се уплашило и избегало, а за средбата è кажало на мајка си, која веднаш го пријавила случајот во полиција. Неофицијално, ова не било прв пат осомничениот да имал средба со деца што ги запознавал на интернет.

Сè повеќе возрасни лица контактираат со Првата детска амбасада Меѓаши за да пријават несоодветни фотографии на Фејсбук – профилите од возрасни лица или со деца. Имаат и дојави за видеоматеријали со сексуални содржини од малолетни лица, поставени за да ги нарушат угледот и достоинството на друго малолетно лице. Многу често децата и младите преку можностите за директна комуникација, кои ги нуди интернетот, разговораат со непознати лица на кои целосно им се доверуваат, а неретко и прифаќаат средба со нив. Притоа, децата, наместо на родителите, за првите сексуални желби и искуства му се доверуваат на „другарот од интернет мрежата“. Во Меѓаши добиле и дојави за рецидивизам, односно лице, кое претходно било обвинето за полов напад врз малолетник што не наполнил 14 години, сеуште преку Фејсбук лажно се претставувало, измачувало и присилувало деца, за што било известено МВР.

Во оваа насока, и во дискусиите за време на тркалезната маса22, беше посочена големата потреба од јакнење на свеста и знаењето од областа на дигиталната писменост за употреба на социјалните медиуми за децата и нивните родители. Паралелно со дигиталната писменост, потребно е и нивно запознавање со дигиталната самоодбрана, односно да научат како да се заштитат и како да спречат онлајн случаи на трговија со деца

Во 2022, беше откриен домашен случај на експлоатација на дете кое не наполнило 14 години од страна на мрежа за трговија со луѓе. Во мрежата девојчето се вплеткало преку профилот на социјалната мрежа Инстаграм, а на посебни интернет страници се нашле нејзините фотографии за нудење и продажба на сексуални услуги.

**Прв случај: Девојче помладо од 14 години станало жртва на онлајн трговија со луѓе, 30.08.2022**
https://mk.voanews.com/a/prv-slucaj-devojce-zrtva-na-onlajn-trgovija-so-lugje/6722522.html

Девојче помладо од 14 години станало жртва на балканска мрежа за онлајн трговија со луѓе. Во рацете на предаторите паднало преку социјалните мрежи. Тоа е прв таков случај во Северна Македонија.
Девојчето било заведено од лице што било дел од балканска мрежа за трговија со луѓе. Начинот на комуникација бил преку интернет и социјалните мрежи. Нејзини фотографии завршиле на интернет страници со сексуални содржини.
Сторителот бил дел од поголема криминална група, мрежа на предатори – педофили. Сите лица кои се во оваа мрежа се возрасни (се работи и за лица над педесет години) и бараат од децата да прават некои работи кои се грозоморни.
Информациите и податоците кои органите за кривичен прогон во текот на истрагата ги добиле од жртвата ги споделиле со Хрватска (од каде потекнува предаторот) и Босна и Херцеговина (чиј државјанин е лице кое најнапред се претставувал како некој што сака да ѐ помогне на жртвата, со лажно име, а за кој подоцна се испоставило дека е еден од групата онлајн педофили/предатори).
Постапка се води и во Хрватска и во Босна и Херцеговина. Истрагата во Хрватска е проширена и во соработка со службите од Обединетото Кралство.

[22] Новите технологии и нивното влијание врз трговијата со луѓе – тема на дискусија на клучните чинители во Северна Македонија, 31.10.2023, https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/new-technologies-and-their-impact-on-human-trafficking-discussed-with-key-actors-in-north-macedonia

Во јануари 2023 година[23], предметниот обвинител во овој случај донесе Наредба против пет лица кои сексуално злоупотребувале малолетничка и изготвувале порнографски материјал. По преземените дејствија во текот на истражната постапка, јавниот обвинител прибави цврсти докази врз основа на кои во соработка со НЕСКМТЛ при МВР спроведе акција, па беа извршени претреси на повеќе локации во Велес и на по една локација во Скопје и Тетово. Притоа лишени се од слобода девет лица, додека еден осомничен се наоѓа надвор од државата. 6 лица се осомничени дека storиле кривично дело Трговија со дете од чл.418-г ст.3 од КЗ, 2 лица се товарат за сторено кривично дело Полова злоупотреба на немоќно лице од чл.187 ст.2 в.в. со ст.1 и 2 лица за кривично дело Производство и дистрибуција на детска порнографија од чл.193 ст.3 од КЗ.

Во друг случај, 19-годишник, кој бил во врска со 14 годишна, со примена на психичка присилба, тепање, закани и уцени дека ќе сподели видео материјали со интимна содржина на социјалните мрежи ја присилувал да има сексуални односи со полнолетни лица за одреден паричен надомест во повеќе наврати во текот на 2022 и 2023 година. Во судската постапка против него, откако ја признал вината, на 08.05.2023 бил прогласен за виновен и добил казна затвор од 6 години. Корисниците на сексуални услуги од жртвата комуницирале преку социјалната мрежа Инстаграм, при што осомничениот го користел профилот на детето.

Правосудните практичари вклучени во истражувањето укажаа дека кривичните постапки во кои жртвите се малолетници се специфични и предизвикувачки. Тие се водат согласно законската регулатива за малолетничка правда. Притоа, малолетниците многу често ги менуваат изјавите или ги повлекуваат пријавите, иако жртвата имала поддршка од семејството. Многу потенцијални жртви на трговија со луѓе откриени од мобилните тимови не можеле да бидат идентификувани како жртви, па осомничените не биле кривично гонети, бидејќи постапките се градат исклучиво врз основа на сведочењето на жртвата, што врши огромен притисок врз жртвата, која е често ранлива, а веројатно и трауматизирани. Истото го забележува и ГРЕТА во извештаите. Токму и ГРЕТА била информирана за неколку случаи кога потенцијалните жртви го промениле сведочењето пред обвинителот од различни причини (на пример, страв од одмазда, недостаток на заштита и помош, желбата на мигрантите да ја напуштат земјата што е можно поскоро), што довело до тоа да не се

[23] А1Он, Видео: Во случајот за сексуална злоупотреба на 14-годишно девојче осомничени уште десетмина, 30.03.2023, https://a1on.mk/macedonia/video-vo-sluchajot-za-seksualna-zloupotreba-na-14-godishno-devojche-osomnicheni-ushte-desetmina/

покрене кривично гонење против осомничените или нивното кривично гонење да се однесува на полесни кривични дела. Постоел случај на две сириски момчиња откриени во ноември 2021 година од полицијата. Според кумановскиот мобилен тим, момчињата неколку пати биле продавани и сексуално експлоатирани. Сепак, децата го смениле исказот пред обвинителот, веројатно за да можат да го продолжат патувањето кон земјите на ЕУ, а осомничените биле обвинети само за криумчарење мигранти.

Предизвици има и во фазата на изведување докази обезбедени преку испитување/сослушување дете жртва. Имено, законодавецот предвидел одредена процесна заштита кога станува збор за испитување дете жртва, така што ја уредил постапката со цел да се избегне двојна виктимизација на жртвата. Но, притоа, просторните услови, капацитетите со човечки ресурси (компјутерски (IT) техничари), како и достапноста на технологија не дозволуваат одбраната да може да го следи распитот на жртвата и да може да поставува вкрстени прашања, туку листата на прашања претходно писмено се доставува. Па така, судот наидува на наводи од одбраната дека немало можност да се поставаат прашања на жртвата, односно дека постапката не го обезбедила начелото на контрадикторност. Во ваквите ситуации, судот се наоѓа во дилема дали да даде доказна вредност на ваквите собрани искази. Во оваа насока, Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа[24] е јасна и бара од страните да ја приспособат својата судска постапка за да ја заштитат приватноста на жртвите и да ја гарантираат нивната безбедност, вклучително и посебните процесни мерки за заштита на децата-жртви во кривичната постапка. Во согласност со Европската конвенција за човекови права[25] и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, за да се постигнат ваквите цели целосно е дозволено да се одржуваат расправи затворени за јавноста, аудио-визуелна технологија, снимки од сведочењето и анонимно сведочење.

Прифатните центри за странци се исклучително важни во случаи на потреба од привремено задржување на странци кога се исполнети условите содржани во одредбите на Законот за странци, односно за сместување странци кои не можат да се отстранат од територијата на државата во рок од 24 часа, од кои било причини. Исто така и бегалците и

[24] Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings, Warsaw, 16.05.2005,
https://rm.coe.int/168008371d

[25] European Convention on Human Rights, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_ENG

барателите на азил се подложни на ризикот да станат жртви на трговија со луѓе, заради нивниот статус и потребата да најдат спас од ситуацијата во која се наоѓаат. Затоа е потребен комплементарен пристап на превенција, односно детекција на опасностите по нив. Значаен аспект од овој процес се однесува на хуманиот третман и заштитата на правата на овие лица, особено во случаите кога постојат показатели кои сугерираат дека тие можат да бидат потенцијални жртви на трговија со луѓе. Во таа насока, императив е да се примени должно внимание и да се обават сеопфатни разговори со овие лица за да се соберат информации што може да имаат суштинско значење. Органите за кривичен прогон и имиграциските власти треба активно да се ангажираат за да проценат дали тие можеби се жртви на трговија со луѓе, преку внимателно испитување на нивните околности, нивните искуства при врбувањето и нивните работни услови, и да ги применат индикаторите кои укажуваат на трговија со луѓе и потенцијална експлоатација.

Притоа, особено треба да се провери начинот на регрутација, каналот за комуникација кој го користеле со трговците (комуникациска платформа/апликација на мобилен телефон, социјални мрежи, е-маил, форуми, итн.) и начинот на експлоатација на лицата. Доколку се идентификуваат одредени жртви, тогаш од нив може да се добијат доста корисни сознанија, па дури и докази од електронските уреди кои ги поседуваат (фотографии, видео снимки, пораки, комуникација и сл.). Секако дека притоа, мора да се имаат предвид и да се запазат соодветните законски процедури со цел обезбедениот материјал да има и доказна вредност во понатамошната постапка. Тука органите за кривичен прогон може да употребат соодветни мерки кои им стојат на располагање, а особено преку примена на ИКТ алатки да ги проверат и да ги обезбедат потребните докази кои ќе бидат важни за понатамошното откривање на делото и неговиот сторител. Органите за кривичен прогон до релевантни информации може да дојдат и преку комуникација и соработка со прифатните центри, медицинските установи, невладините организации и меѓународните организации кои им нудат помош и поддршка (правна, здравствена, психолошка, итн.) на овие лица. За таа цел, персоналот во прифатните центри за странци треба да добие обука за идентификација на жртвите за поефикасно да ги препознава знаците и индикаторите за трговија со луѓе извршена преку ИКТ и навремено алармирање на надлежните органи. Во таа насока, на практичарите од органите за кривичен прогон им се потребни и јазични вештини, со оглед дека станува збор и за прекуграничен криминал, па членовите на криминалните групи комуницираат и на други јазици и дијалекти, а често и шифрирано,

па познавањето на јазиците на соседните држави, но и дијалектите во рамките на државата, вклучително и нивниот жаргон, се исто така особено важни за полесно и побрзо разбирање на нивната комуникација.

Постои и предизвик и со питачењето, кое недоволно и неправилно се процесира низ соодветни постапки. Често, кривичното дело правно се преквалификува во „Запоставување дете“ наспроти евидентниот случај на трговија со дете. Забележани се и организирани групи кои го вршат ова, но засега не е познато дека тоа се врши и со помош на ИКТ, иако во регионот постојат познати шеми кои вклучуваат и ИКТ.

# 5. Надлежни институции за употреба на ИКТ во борбата против трговија со луѓе извршена со ИКТ

Овој дел ги прикажува овластувањата и одговорностите на државните институции задолжени за откривање, идентификување, гонење и истрага на трговијата со луѓе извршена со помош на ИКТ. Конкретно, се презентираат и анализираат методите/алатките, вклучително и ИКТ алатките, кои се достапни на органите за кривичен прогон во откривањето и докажувањето на трговијата со луѓе извршена со помош на ИКТ.

Согласно организацијата и структурата на правосудниот систем на Република Северна Македонија, задолжени органи за борба против трговија со луѓе се Јавното обвинителство (особено за гонење на организиран криминал и корупција) кое на располагање ги има истражните центри и правосудната полиција (Министерството за внатрешни работи (МВР), Царинската управа (ЦУ) и Финансиската полиција (ФП)) и судскиот систем (основни, апелациони судови и врховен суд). Секако, во рамките на истрагата на ваквите кривични дела, јавното обвинителство добива сознанија и од други државни органи, како што е Државниот инспекторат за труд, Управата за финансиско разузнавање, центрите за социјални работи, здравствените установи, Народниот правобранител, како и граѓанските организации и медиумите.

Во јануари 2018 година, потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу МВР и МТСП за формирање мобилни тимови. Воспоставени се во пет града низ државата: Скопје, Куманово, Тетово, Битола и Гевгелија, кои имаат координатори и неколку членови. Во февруари-март 2018 година беше изготвена „Програма за работа на Мобилните тимови за идентификација на ранливи категории на граѓани вклучително и на жртви на трговија со луѓе" и истата е донесена/усвоена од двете министерства. Овој мулти-секторски пристап значително придонесува за зајакнување на меѓусебната координација на релевантните чинители (МВР/МТСП/НВО), како и за проширување на мрежата на социјални работници со цел проактивно идентификување жртви на трговија со луѓе. Улогата на мобилните тимови е примена на проактивен и мултидисциплинарен пристап насочен кон ранливите категории лица како потенцијални жртви

на трговија со луѓе за да бидат навремено идентификувани и упатени согласно процедурите.

Како дел од овој процес, следи и формирањето на НЕСКМТЛ. Таа е официјално воспоставена со потпишувањето на Меморандумот за соработка во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти, склучен меѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 03.01.2018 година. Единицата е формирана со цел да се подобри координацијата и соработката помеѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Република Северна Македонија за сузбивање кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Со претставници од централно и локално ниво, како и контакт лица од различни организациски единици на МВР, НЕСКМТЛ претставува носечкиот столб во процесот на идентификација на претпоставена жртва на трговија со луѓе. Главната придобивка на ново формираните мобилни тимови и НЕСКМТЛ е во зголемување на бројот на откриени претпоставени жртви на трговија со луѓе меѓу ранливите категории граѓани и ранливите категории лица меѓу мигрантите, нивно упатување и вклучување во процесот на идентификација.

Министерството за внатрешни работи, односно полицијата, преку соодветните организациски единици, е задолжено за идентификација на случаи на трговија со луѓе извршени со помош на ИКТ. Со оглед на елементот на користење на компјутери и интернет, тоа значи дека полицијата единствено може да дојде до такви сознанија преку користење на соодветни ИКТ алатки со кои ќе може да се следи, мониторира, детектира и идентификува вакво однесување во интернет просторот. Меѓутоа, истражувањето утврди дека МВР нема доволно соодветни ресурси, капацитети и современи технички алатки за ефикасно спроведување на ваквата надлежност и водење проактивни истраги.

Според Извештајот на САД за трговија со луѓе од 2022 година[26] органите за кривичен прогон во текот на 2021 година, спровеле истрага во 1 случај со 3 осомничени, во споредба со 6 случаи со 13 осомничени во 2020 година. Исто така поднеле обвинение против 2 лица во 2 случаи на трговија со деца заради сексуална експлоатација, споредено со 2020 година кога немало таков случај. Судовите осудиле 1 трговец во отсуство за трговија со деца заради сексуална и трудова експлоатација, што е значителен пад во споредба со 9 трговци осудени за трговија со деца

[26] Извештај на САД за трговија со луѓе за 2022 година, Извештај за трговија со луѓе за 2022 година - Амбасада на САД во Северна Македонија (usembassy.gov)

заради сексуална експлоатација и 2 лица за трговија со деца заради сексуална и трудова експлоатација. Трговецот бил осуден на 12 години казна затвор, во споредба со судиите што изрекле казни затвор од 4 до 7 години на 11 трговци во 2020 година. Апелационите судови потврдиле 2 осудителни пресуди и укинале 1 осудителна пресуда во споредба со потврдените 3 пресуди во 2020 година. Властите работеле со ограничен капацитет заради пандемијата, во согласност со процедурите за заразени лица и за карантин поради што немале доволно персонал.

Органите за кривичен прогон започнале заеднички истраги со грчките и српските власти и соработувале во рамките на истрага на Интерпол. Има случаи кога државни службеници биле обвинети и осудени: во 2022 полициски службеник бил осуден за трговија со дете, во 2017 година, државен службеник за соучесништво во трговија со луѓе, а во 2016 година општински инспектор бил осуден за ова кривично дело.

Од друга страна, во државата има и граѓански организации кои работат на проекти за пружање помош и поддршка на државните надлежни институциите и жртвите на трговија со луѓе. Некои од нив, вклучени и во ова истражување, се:

- Новинари за човекови права – создаваат канал за информации меѓу институциите (МВР, МТСП и МОН) за да можат полесно да комуницираат, го водат проектот Global passport, веб страната www.najdi.org.mk, Амбер алерт Европа www.amberalert.eu – моментално постои во некои ЕУ земји (Франција, Германија и Италија), во регионот го има Албанија (верзијата на САД), а во Северна Македонија во тек е имплементација, сопственоштвото ќе биде во рамки на МВР после 5 години. Исто така го водат и проектот Empowerment through self-defense – интересен пристап кој вклучува физички и ментални вежби за јакнење на децата кој веќе успешно е имплементиран во Албанија.
- Македонско здружение на млади правници[27] – имаат изработено видеа на македонски и албански јазик за да се подигне свеста на децата за тоа како предаторите работат на интернет и како се одвива сајбер булинг и сајбер трафикинг. На www.kazistop.mk се објавени и други содржини со совети до родителите за сајбер присуството на нивното дете.
- Семпер[28] – од 2002 година работат на едукативни програми за превенција на малолетничка популација од различни типови закани и опасности.

[27] https://myla.org.mk
[28] https://semper.org.mk

# 6. Човечки и технички ресурси за борба против трговија со луѓе извршена со ИКТ

Во овој дел најпрво се презентираат и дискутираат моменталните капацитети со човечки ресурси на институциите одговорни за борба против трговијата со луѓе. Овие капацитети се разгледуваат преку постоењето доволен број специјалисти во соодветните единици одговорни за идентификување и докажување на трговијата со луѓе, постоење на професионално знаење и експертиза, потребата од надградба на нивното знаење и експертиза, плановите за инвестирање во човечки ресурси и завршени и планирани едукативни активности.

Со оглед на тоа што овие институции треба да истражуваат и докажат потенцијални случаи на трговија со луѓе извршена со помош на ИКТ, истражувањето ги анализираше и капацитетите со технички ресурси во нив, во однос на достапноста на соодветна ИКТ опрема и релевантни софтверски алатки за откривање, истражување и докажување на идентитетот на сторителите, како и потребата од надградба на нивните капацитети.

Низ различни институции во рамките на органите за кривичен прогон, вклучително и инспекциските служби, истражувањето откри сериозни проблеми во однос на човечките ресурси. Ова прашање е од двоен карактер, опфаќајќи несоодветен број на персонал и предизвици кои се однесуваат на ефективно управување со овие ресурси.

Прво, постои видлив дефицит во бројот на човечки ресурси наменети за овие институции. Овој недостаток значајно ги попречува оперативните способности на овие организации во нивните напори за борба против трговијата со луѓе и сродните кривични дела. Ограничената работна сила ја ограничува нивната способност да истражуваат, гонат и ефикасно да ги решаваат случаите, оставајќи значителни празнини во нивниот капацитет за борба против овој повеќеслоен проблем.

Втората забележлива загриженост се однесува на честото прераспоредување на персоналот во овие организации. Постојаниот трансфер на персоналот од една во друга организациска единица го влошува проблемот. Кога поединци се префрлаат во одделенија

одговорни за решавање на случаите на трговија со луѓе, тие често го немаат потребното знаење, не добиваат соодветни обуки, немаат доволна експертиза и искуство неопходни за справување со такви сложени и чувствителни прашања. Овој недостаток на експертиза ја попречува ефикасноста на институциите, бидејќи тие се справуваат со сложеноста на случаите на трговија со луѓе без соодветно обучен и искусен персонал.

Последица на овие двојни предизвици е редуцирана способност за ефикасна борба против трговијата со луѓе, додека институциите се борат оптимално да ги искористат своите ограничени ресурси. За сеопфатно решавање на овие прашања, императив е напорите да се насочат и кон зголемување на бројот на квалификуван персонал и имплементација на стратегии за разумно управување и задржување на овие ресурси во релевантните институции. Овој повеќеслоен пристап е од клучно значење за подобрување на ефикасноста на органите за кривично гонење и инспекциските служби во нивната мисија за борба против трговијата со луѓе и сродните дела.

Дополнителен проблем на сето ова е и недоволната стручна подготвеност и специјализираност од областа на ИКТ со напредни компјутерски вештини на персоналот кој работи на истраги од областа на трговијата со луѓе. Досега, полициските службеници имале само основни обуки за онлајн алатки, но не и специфични, кои би им овозможиле собирање информации преку отворени извори, мониторирање одредени интернет страници (како на пример, страници за вработување), но, исто така, и иницирање почетни проактивни истраги. Сајбер-операциите за откривање и детектирање трговци со луѓе може да бидат долги и да одземаат многу време.

Перцепцијата на членовите на граѓанскиот сектор е дека за државата „технологијата е прескапа за инсталирање во институциите задолжени за истраги“. Едуцираноста на припадниците на органите за кривичен прогон за ИКТ и начинот на прибирање на информациите и сознанијата за поткрепување на пријавата на случај со трговија со луѓе е недоволна. Не постојат ниту алатки за рана идентификација на жртвите.

Според Извештајот на САД за трговија со луѓе од 2022 година[29] ОЈОГОКК, исто како и во претходните години, пријавило дека им недостасува соодветен персонал и дека предметите се одолговлекувале. Властите го зголемиле бројот на обвинители од 10 на 13, но за работата на

[29] Извештај на САД за трговија со луѓе за 2022 година, Извештај за трговија со луѓе за 2022 година - Амбасада на САД во Северна Македонија (usembassy.gov)

сите предмети под нивна јурисдикција. И покрај тоа што немала наменски буџет, НЕСКМТЛ спровела проактивни истраги, но и понатаму пријавувала дека немаат доволно персонал. Органите за кривичен прогон се потпирале речиси исклучиво на сведочењето на жртвите без многу докази за поткрепа. Локалните полициски службеници по СВР-ата немаат доволно познавања за трговијата со луѓе и доследно не ја известувале НЕСКМТЛ за потенцијалните случаи на трговија, а случаите биле недоволно истражени или погрешно се постапувало со нив поради отсуството на дигитален систем за управување со предмети за пренос на случаите на трговија со луѓе помеѓу различни полициски служби и обвинителства. Властите, со техничка и финансиска поддршка од донатори, меѓународни организации и НВО, обучувале судии, обвинители и припадници на НЕСКМТЛ за различни прашања поврзани со сузбивањето на трговијата.

Во однос на техничките ресурси, недостатокот на соодветна техничка опрема и софтвер претставува значителен и повеќеслоен предизвик. Овој предизвик произлегува од неколку клучни фактори за институциите, како што се високи трошоци, континуирано ажурирање на опремата и софтверот, договори за лиценцирање, како и распределба на ресурси (финансиски, временски, човечки) за обука на персоналот кој ќе ја користи опремата и софтверот. Предизвикот на несоодветните технички ресурси во борбата против трговијата со луѓе извршена со помош на ИКТ е комплексен и опфаќа финансиски, логистички и стратешки размислувања. Иако потребата за напредна технологија е очигледна, за справување со овој предизвик потребно е внимателно управување со ресурсите, стратешко планирање и потенцијално застапување за зголемено финансирање за да се осигури дека органите за кривичен прогон ќе можат ефикасно да ја искористат моќта на технологијата во нивните напори за борба против трговијата со луѓе.

Технологијата има потенцијал да помогне во напорите на органите за кривичен прогон побрзо и полесно да ги откријат сторителите на трговијата со луѓе и навремено да ги спречи да и предизвикаат штети на потенцијалните жртви. Континуирано се развиваат алатки за идентификување активности поврзани со трговија со луѓе, како што се, на пример, напредно оперативно следење, аналитички алатки, географско мапирање, дронови за извидување, надзор и снимање и сл. Алатките за пребарување преку интернет, како што е истражувањето или мониторингот на социјалните мрежи, се исто така корисни. Со нив пасивно може да се следат активностите на одредени кориснички профили без никаква интеракција, односно контакт со останатите.

Меѓутоа, веќе ако е потребно да се воспостави контакт, тогаш станува збор за прикриена операција, што подразбира креирање лажен профил и идентитет, активна комуникација и интеракција со предаторите.

Технологија против трговија (Tech Against Trafficking)[30] е коалиција на технолошки компании кои соработуваат со глобални експерти за да помогнат во искоренувањето на трговијата со луѓе користејќи технологија. Преку нивната експертиза, капацитетот за иновации и глобалниот дострел, технолошките компании можат да одиграат голема улога во спречувањето на трговијата со луѓе и во зајакнувањето на жртвите. Дигиталните информациски и комуникациски технологии нудат можности за промена во справувањето со овој криминал. Досегашните технолошки решенија вклучуваат мобилни апликации кои помагаат да се идентификуваат жртвите на сексуална трговија; сателитски снимки кои ги следат превозните средства што носат жртви на принудна работа; и алатки за истражување на интернет кои собираат слики од злоупотреба на деца за да им помогнат на органите за кривичен прогон да ги пронајдат децата на кои им е потребна помош.

Во Северна Македонија, кај органите за кривичен прогон, односно релевантните професионалци - истражители се забележуваат одредени активности за градење капацитети и соодветна ИКТ експертиза за борба против трговија со луѓе спроведени од меѓународни партнери и донатори, кои се ad-hoc, врз база на идентификувани потреби. Сепак, отсуствува институционална форма на континуирано и планско градење и вложување во капацитетите (човечки, технички, информациски).

30 https://techagainsttrafficking.org/

# 7. Дигитални докази - собирање, обезбедување, чување, заштита, ракување и обработка

Овој дел најпрво дава краток преглед на релевантни стандарди за собирање, обезбедување и заштита на докази во дигитална форма кои се специфични и применливи во истрагите за случаите на трговија со луѓе извршени со помош на ИКТ. Потоа ги елаборира политиките и протоколите на органите за кривичен прогон за собирање, обработка и анализа на дигитални податоци од домашни и странски провајдери и меѓу-институционалната соработка и координација во овој тип истраги.

## 7.1. Специфичности на дигиталните докази

Дигиталните докази се однесуваат на какви било информации или податоци што се складираат или пренесуваат во дигитална форма и може да се користат како доказ во кривичните постапки. Дигиталните докази опфаќаат широк опсег на електронски информации, вклучувајќи текст, слики, видеа, аудио снимки, метаподатоци и друго, кои се собрани од различни дигитални извори.

Дигиталните докази имаат свои специфичности. Тие постојат во електронски или дигитални формати. Обично се складираат на електронски уреди, сервери или во облак ("cloud"). Тие може да се изведат од мноштво извори, вклучувајќи компјутери, мобилни уреди, платформи за социјални медиуми, онлајн услуги, камери за надзор итн. Кога се соодветно прибрани и зачувани, треба да останат непроменети и да го задржат својот интегритет за да се обезбеди нивна прифатливост пред судот. Дигиталните докази мора да бидат директно поврзани со предметот и да имаат влијание врз прашањата што се решаваат во правната постапка. За да се утврди нивната автентичност, дигиталните докази може да бараат проверка за да се потврди дека не се манипулирани, изменети или модификувани. Одржувањето документиран синџир на ракување со нив ("chain of custody") е од клучно значење за следење на ракувањето со дигиталните докази од нивното првично собирање до нивното презентирање на суд, обезбедувајќи ја нивната веродостојност и кредибилитет.

Дигиталните докази често вклучуваат метаподатоци[31], кои обезбедуваат информации за создавањето, модификацијата и контекстот на дигиталните датотеки. Овие метаподатоци може да бидат значајни во разбирањето на автентичноста и временската рамка на доказите. Постојат многу дефиниции за метаподатоци, но една од наједноставните е дека тоа се „податоци за податоците". Поконкретно, метаподатоците (во смисла на управување со податоци) опишуваат збир на податоци за следните аспекти: како се собрани; кога биле собрани; нивниот географски опсег; ако има повеќе датотеки, како тие се поврзани една со друга; дефинициите за поединечни променливи и, доколку е применливо, кои се можните опции за нив; калибрација на која било опрема што се користи за собирање податоци; верзијата на софтверот што се користи за анализа; итн. Многу често, збир на податоци што нема метаподатоци е неразбирлив. Метаподатоците можат да бидат креирани, управувани, складирани и зачувани како и сите други податоци. Постојат три вида метаподатоци: описни (се состојат од информации за содржината и контекстот на податоците, структурни (ја опишуваат физичката структура на сложените податоци и административни метаподатоци (се користат за управување со податоците).

Дигиталните докази може да бидат подложени на форензичка анализа, која вклучува специјализирани техники и алатки за извлекување, зачувување и интерпретација на податоците од дигиталните уреди. Допуштеноста на дигиталните докази во судските постапки подлежи на правни стандарди и правила, кои бараат нивна релевантност, веродостојност и автентикација. Меѓутоа, многу е важно собирањето, обезбедувањето и ракувањето и чувањето на дигиталните докази да се врши во согласност со законите и прописите за приватност со цел да се заштитат правата на вклучените поединци.

Но, зошто понекогаш е тешко да се обезбедат електронските докази? На интернет предаторите им е исклучително важно анонимното комуницирање во онлајн просторот, односно комуникација која нема траги и нуди безбеден контакт со лицата. Наспроти поврзаните мрежи и IP адресите кои лесно може да се следат и откријат, можно е да се оствари безбеден и анонимизиран контакт со помош на различни алатки[32]. Најпознатата меѓу алатките е *Tor* кој е осмислен за да овозможи анонимно користење на интернетот, посетување други софтвери, вклучувајќи и

[31] Повеќе информации за метаподатоци на следниот линк: https://www.britannica.com/technology/metadata, https://guides.lib.unc.edu/metadata/definition

[32] Омазиќ, И., Дали може на интернет да се биде анонимен, 2020, https://balkansmedia.org/mk/tutorijali/dali-mozhe-na-internet-da-se-bide-anonimen

чет и е-пошта. Друга можност е *Tails* кој е целосно посебен оперативен систем кој се инсталира на USB стик и кој може безбедно да се користи дури и ако вообичаениот оперативен систем е хакиран. Со користење на *Tails* не се остава трага на компјутерот кој се користи, освен ако тоа изречно не се побара, а користи најмодерни криптографски алатки за шифрирање на датотеки и е-пораки. Дополнително на ова, шифрирањето на е-пошта и безбедна е-маил комуникација се можни и можат да бидат едноставни благодарејќи на проширувањето за пребарувачот *Mailvelope* кој дава целосно шифрирање за веќе постоечка адреса на е-пошта без промена на е-маил клиентот. Шифрирањето и дешифрирањето се одвива исклучително на крајните уреди што значи дека приватните податоци никогаш не заминуваат од уредот нешифрирани. Но, со цел е-маил преписката да биде во целост шифрирана, и „соговорникот“ мора да има инсталиран Mailvelope.

Како што е откриено и во Студијата на ГРЕТА, во однос на шифрирањето, словенечките власти го покренале прашањето за трошоците поврзани со дешифрирањето на електронските податоци. Ваквите трошоци се генерираат од потребата да се ангажира специјализиран, високо обучен персонал, како и од купувањето на специјализиран софтвер што можат да го заобиколи шифрирањето. Понатаму, паралелно со развивањето на протоколите за шифрирање, постои потреба од постојано ажурирање на софтверот, што често доаѓа со големи надоместоци за лиценца.

Клучната карактеристика што се користи за откривање на осомничен на интернет е неговата IP адреса.[33] Станува збор за ситуации кога некоја криминална активност на интернет може да се поврзе со дадена IP адреса и се цели да се открие лицето кое ја имало таа IP адреса во моментот кога се случила криминалната активност на интернет. Но, прашањето може да биде и обратно, кога има вистински осомничен и се сака да се открие IP адресата што тоа лице ја користело на интернет. Втората ситуација во многу погледи е полесна за работа, затоа што може да се употребат и традиционални истражни техники (на пр. посебни истражни мерки). Меѓутоа, специфичностите при откривањето на IP адресите и нивното поврзување со сторителите се јавуваат поради збирната мрежна адреса (NAT - Network Address Translation), збирните мрежни адреси кај операторот (CGN - Carrier Grade Network Address Translation), употребата на анонимизатори (за конкретен протокол: анонимен препраќач на мејлови или анонимизирачки прокси сервер, и независни од протоколот,

33 Курс за обука за судии и обвинители, Напреден курс за претрес, заплена и конфискување приходи од кривични дела на Интернет, Прирачник за самостојна обука, Совет на Европа, 2017

како што е *Tor*), како и во случај на контролирање компјутер заразен со ботнет/малвер од далечина. По откривањето на IP адресата, понатаму, треба да се поврзе со корисничкото име/псевдонимот и корисникот, односно кое е лицето со тоа корисничко име/псевдоним. Меѓутоа, корисничките имиња на некои платформи може лесно да се менуваат во секое време и честопати наизменично се користат од криминалците, па е тешко да се утврди кој го користел тоа корисничко име/псевдоним во дадено време.

Дополнителен проблем создаваат и софтверите за анонимизирање на интернет, како VPN (Виртуелни приватни мрежи), кој е дизајниран да ја подобри приватноста и безбедноста на интернет. Овие алатки работат со маскирање на IP адресата и шифрирање на интернет сообраќајот, што го прави поголем предизвик за трети страни да ги следат онлајн активностите. Други алатки за анонимизирање се *Tor*, прокси-сервери, екстензии за приватност на пребарувачот („HTTPS Everywhere“ и „Privacy Badger“), безбедни апликации за пораки (како Signal и WhatsApp кои нудат шифрирање за пораки и повици) и други. Важно е да се забележи дека иако овие алатки можат да ја подобрат анонимноста и приватноста на интернет, нивната употреба секогаш треба да биде во рамките на законот и да се користи за легитимни цели.

Друг проблем е и тоа што вештачењата (на дигитални уреди - компјутери, мобилни телефони, таблети и сл.) траат подолго, па, чекајќи ги да се завршат, со цел да се приложат и изведат како доказ, се одолговлекуваат и кривични постапки. Но, и презентацијата на доказите во доказната постапка пред судот е исто така предизвик. Ваквите докази се специфични и сложени и не секогаш може да бидат лесно разбрани од страните во кривичната постапка, па затоа треба да бидат презентирани во доказната постапка од страна на вештаците кои го извршиле тоа вештачење, односно анализа. Во иднина треба да се работи на начините како појасно да се објаснат и прикажат ваквите докази од страна на вештаците.

Дигиталните докази се критична компонента на современите кривични истраги, што ја одразува зголемената улога на технологијата во секојдневното живеење и потребата за цврста и јасна правна рамка, но и соодветни капацитети за управување со електронските информации во правен контекст. Сумарно, сите испитаници се согласни дека дигиталните докази се предизвик за органите за кривичен прогон, генерално, но и во Северна Македонија, имајќи ја предвид:

- нивната непостојаност: (можат лесно да бидат манипулирани, односно да бидат изменети, избришани или оштетени), не траат

долг временски период (пуштена порака со тајмер за самобришење по одреден временски период или по прегледување од лицето на кое е наменета),

- локацијата на која се наоѓаат: порано се чуваа на флопи дискови, па на ЦД, на плеери, на УСБ, а сега со развојот на технологијата се наоѓаат на разни „стриминг“ сервиси („облачиња“ - cloud), што значи дека може, а и најчесто се наоѓаат и надвор од јурисдикцијата на државата. Тоа повлекува поднесување соодветни барања за меѓународна правна помош или барања за добивање информации во соодветна постапка од страна на приватни компании, како што се META или, пак, одржувачи на апликации Telegram, Signal, Skype, Viber, WhatsApp, Twitter. Кога станува збор за дигиталната технологија, специјално место има т.н., *Darknet* кој е посебен слој на интернетот, далеку поголем од јавно достапниот, на кој се пристапува со помош на специјални протоколи и апликации (*Tor*). Првично замислен како дел од интернетот кој ја штити анонимноста и ја спречува диктатурата, тој стана примарна платформа за криминални активности,
- непостоење заедничка генерална правна рамка: бидејќи дигиталните докази се материјални докази во кои податоците и информациите (фотографии, видеа, аудио снимки, текст и сите други форми на информации) се чуваат, добиваат и пренесуваат во бинарна форма преку електронски уреди, вистински предизвик е изготвувањето на пишани правила и процедури за начинот на подигнување, заштита од надворешни влијанија, соодветно складирање/чување, обработка и анализа за потребите на кривичната постапка и нивно толкување,
- човечки, технички и материјални ресурси и капацитети: недоволната обученост на полициските службеници, како и недостатокот на соодветна техничка опрема е дополнителен предизвик.

## 7.2. Предизвици при обезбедување дигитални докази за трговија со луѓе со злоупотреба на ИКТ во Северна Македонија

Органите за кривичен прогон во Република Северна Македонија се соочуваат со сериозни предизвици во текот на полициската истрага, односно при откривањето, идентификувањето и документирањето на трговијата со луѓе извршена преку ИКТ и нејзините сторители во однос на обезбедување докази во дигитална форма. Па така,

според испитаниците во истражувањето, поради неуреденост во законодавството, односно истражниот инструментариум кој им стои на располагање, истражните органи немаат можност за спроведување тајни (прикриени) онлајн истраги (тајни инфилтрации) преку, на пример, креирање лажни профили на социјалните мрежи преку кои ќе истражат дали некое лице се занимава со некаква форма на трговија со луѓе. Ова повлекува потреба од набавка и пристап до специјализирани софтвери кои ќе ги овозможат и документираат ваквите истраги. Во таа насока се и компјутерските алатки за пристап и преземање информации од мобилни телефони и следење на комуникацијата преку различните апликации за комуникација. Но, некои правосудни практичари вклучени во истражувањето, ваквите прикриени истраги, поконкретно, креирањето лажни профили, го сметаат како посебна истражна мерка, бидејќи на тој начин се создава лажен идентитет, а постои ризик и од поттикнување за вршење на кривично дело кое при спроведувањето на овие мерки е целосно забрането. Ваквиот начин на контрола на социјалните мрежи и откривање на кривичното дело и сторителот постои во некои земји од регионот и има покажано солидни резултати. Правосудните практичари, вклучени во истражувањето, искажаа дилеми во однос на можноста и допуштеноста на ваквите мерки заради овие цели, па потребата од нивното користење, односно законско инфилтрирање во мрежите на предаторите за докажување на нивните онлајн криминални активности, би требало дополнително да се дискутира, но и утврди дали постојните законски решенија овозможуваат користење или, пак, се неопходни законски измени во кривично-процесното законодавство.

Интересно е и тоа што овластените службени лица од органите за кривичен прогон кои иако поседуваат службени мобилни телефони, освен користењето за телефонски повици, не може да ги користат за собирање доказен материјал, на пример, преку фотографирање, снимање видеа од место на настан, за документирање траги и сл.

Законот за кривична постапка дозволува употреба на посебни истражни мерки во случаите на трговија со луѓе, вклучително и следење на комуникацијата, тајно следење и употреба на лица со прикриен идентитет, но, сеуште во пракса главниот доказ во кривичното гонење на ваквите случаи останува сведочењето на жртвите, бидејќи органите на прогонот немаат доволно технички, кадровски и институционални капацитети за собирање докази преку употреба на овие мерки. Ова значително го ограничува капацитетот на органите за кривичен прогон да ја истражуваат трговијата со луѓе, особено кога е извршена од организирани криминални групи или преку употреба на информациско-комуникациска технологија.

Сепак, органите за кривичен прогон може да спроведат постапка за испитување/пребарување/извлекување на податоци од мобилни уреди за извлекување на податоци што може да имаат вредност на електронски доказ. Оваа постапка за техничко испитување/пребарување/извлекување на податоци од мобилни уреди, согласно правен акт[34] значи идентификација и складирање на клучните артефакти кои вообичаено се достапни за преглед со соодветен софтвер, а кои во иднина ќе послужат за правилно одземање, анализа и зачувување на податоците кои се добиени со извлекување од мобилните уреди. По издадена наредба од надлежен суд или јавно обвинителство, полицискиот службеник задолжен за оваа постапка, врши детална идентификација на дигиталните уреди кои е потребно да бидат одземени и врши нивно фотографирање (фактури, прирачници, материјалот од пакувањето на уредот, IMEI, MEID, ESN, MAC адреса, ПИН и ПУК и преносливи мемориски уреди) со цел документирање на состојбата на секој дигитален уред што се обезбедува, кои понатаму ќе бидат предмет на анализа.

Меѓутоа, оваа постапка има и свои предизвици. Така на пример, постојат случаи кога истражителите во телефон што е одземен со наредба заради откривање и разјаснување друго кривично дело, пронаоѓаат снимка со која се докажува дека е извршено друго кривично дело од пред извесен период. Притоа, ова сознание не е прибрано на законит начин, туку само средството е одземено на законит начин (со наредба и со издадена потврда за привремено одземени предмети). Во ваквите случаи, адвокатите бараат да не се земаат предвид ваквите материјали, па судијата проценува дали е индиција или ќе ги земе како докази. Во случаите кога се работи за дете жртва, судската пракса ги прифаќа овие материјали како законити докази со аргументација дека жртвата е дете и тоа им дава посебно својство и оправдување на овој вид докази.

Според претставниците од граѓанскиот сектор, голем проблем при пријавувањето и докажувањето на случаите на трговија со луѓе е тоа што телефонските разговори и фотографиите не се прифаќаат како доказен материјал во постапките од страна на органите за кривичен прогон. Исто така, и препознавањето лица преку фото-документација не е правно уредено и претставува дополнителен проблем за откривање и докажување на сторителите. Понатаму шифрирањето на податоците се смета за тежок предизвик, но и големиот обем на податоци и брзиот развој на технологијата.

34 Упатство за пребарување и извлекување на податоци од мобилни уреди, МВР, јуни 2022

Обезбедувањето компјутерски податоци од интернет провајдери кои би можеле да претставуваат доказ во одредена кривична постапка не е секогаш едноставно. Напротив, во повеќето предмети, она што е можеби приоритет за домашните органи, за странскиот интернет провајдер од каде треба да се обезбеди податокот, тоа можеби не е така. За целите на кривичната истрага најчесто се бараат следните три вида податоци[35]: информации за претплатникот, податоци за сообраќајот и податоци за содржината. Во многу јурисдикции условите за пристап до информации за претплатникот вообичаено се пониски од оние за податоци за сообраќајот, а најстрогите правила се однесуваат на податоците за содржината. Видот податоци што се бараат секако влијае на природата на барањето што треба да се поднесе до меѓународен давател на услуги за да се добие пристап до податоците. Некои, но не и сите, меѓународни даватели на услуги имаат облик на брза доброволна соработка преку која може да се дадат информации за претплатникот додека се чека формално-правниот процес.

Во последниве години, ваквите приватни интернет актери преземаа поактивни улоги во спроведувањето на законот, особено во случаите кои вклучуваат конфликти меѓу правата и слободите на граѓаните, особено во делот на приватноста. Ова особено се рефлектира во борбата против недозволената содржина на интернет, вклучително и сексуалната експлоатација на интернет и трговијата со луѓе олеснета од ИКТ, и собирањето и обезбедувањето на дигиталните докази од страна на органите за кривичен прогон. Секој од овие провајдери има сопствени регулативи, политики за приватност и протоколи кои се во согласност со законската рамка на земјата во која тие се регистрирани. Обидите на глобално ниво да се прифатат заеднички минимум стандарди и принципи би олесниле комуникацијата меѓу државите и нивните органи на прогон со овие компании. Сепак, времето, кое можеби е и еден од најзначајните чинители во овие постапки, не е сојузник на органите кои ги откриваат и гонат сторителите на кривични дела. Во овие случаи треба да се постапува брзо и ефикасно, но комуникацијата и обезбедувањето информации од провајдерите/компаниите тоа често го спречува и се јавува како фактор кој ја попречува брзата истрага. Во секој случај, од исклучително значење за зголемување на ефикасноста при постапувањето во овие кривични предмети е воедначената практика на јавните обвинители при координирање на полицијата и при поднесувањето на барањата за

35 Курс за обука за судии и обвинители, Напреден курс за претрес, заплена и конфискување приходи од кривични дела на Интернет, Прирачник за самостојна обука, Совет на Европа, 2017

обезбедување на компјутерски податоци. Краткиот водич за обвинители[36] поддржан од ОБСЕ дава предлог обрасци како мал придонес кон таквата сообразност при постапувањето кои може да бидат од корист и за јавните обвинители и за полициските службеници. Со оглед дека ИКТ и интернет компаниите многу брзо се развиваат, ги менуваат своите политики на приватност, заштита на правата и регулацијата на однесувањето на клиентите на нивните платформи, потребно е дополнително скенирање на состојбите и ажурирање на оваа публикација.

36 Новакова-Жикова, А. (ур.), Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервис провајдери. Краток водич за обвинители, ОБСЕ, Скопје, 2017

# 8. Препораки

Врз основа на наодите и заклучоците добиени од спроведеното истражување, овој дел ќе ги даде препораките кои би можеле да се искористат за идни активности кои придонесуваат за одржливо градење капацитети, споделување знаење и зајакнување на експертизата насочени кон клучните засегнати страни (службите за спроведување на законот, обвинителство, судови, адвокати, инспекции, граѓански организации и медиуми, социјални работници итн.).

Студијата на ГРЕТА ги дава следните препораки за откривањето, истрагата и кривичното гонење, кои се релевантни и за властите во Северна Македонија:

- Органите на прогонот треба да инвестираат во градење на капацитети во областите на **Интернет следење, сајбер патроли, тајни онлајн истраги (сајбер инфилтрација), употреба на OSINT од специјализирани службеници, анализа на социјалните мрежи** и употреба на **алатки за автоматско пребарување** за анализа на докази.
- Органите на прогонот и трудовите инспекторати треба да спроведат **построги регулативи и чести контроли на веб-страниците за огласи за вработување**. Трудовите инспекторати **треба да развијат дигитална експертиза и да го зголемат своето онлајн присуство**.
- Земјите/приватните даватели на услуги/НВО мора да ги подобрат **онлајн механизмите за доверливо известување**, овозможувајќи анонимно пријавување на случаи на трговија со луѓе, како и самоидентификација на жртвите. Земјите треба да соработуваат со приватни компании кои нудат онлајн услуги за да **дизајнираат можности за трговците со луѓе**, да развијат **аналитика на содржината** за откривање на случаи на трговија со луѓе и да постават лесно достапни механизми за клиентите да ги **означуваат** сомнителните активности/реклами.

- Органите на прогонот треба да размислат за обука на службеници специјализирани и за ИКТ и за трговија со луѓе. Земјите, исто така, треба да размислат за создавање **групи за техничка поддршка**, екипирани со полициски службеници и цивилни лица вработени во полициските служби со специјализирани ИКТ способности вградени во единиците за трговија со луѓе.
- Органите на прогонот треба да се погрижат дека **сите службеници** поседуваат соодветно ниво на експертиза за собирање и ракување со **електронски докази**. Обуката за електронските докази треба да биде составен дел на наставните програми за обука и постојано да се ажурира поради брзото менување на технолошкото и бихејвиоралното опкружување. Бидејќи зачувувањето на електронските докази е клучно за градење силни истраги, и **советниците и лицата од невладините организации кои се непосредно вклучени во работата во првите редови** треба да бидат запознаени со стратегиите за зачувување на дигиталните докази (на пример, со складирање на историите од разговорите (chat history)).
- Земјите/меѓународните организации треба редовно да спроведуваат **стратешка анализа** за да генерираат знаење за новите трендови во врска со *начинот на делување* на прекршителите, како и да бидат во чекор со бихејвиоралните модели на корисниците на технологијата и технолошкото опкружување кои постојано се менуваат. Врз основа на овие стратешки докази, земјите потоа можат да започнат насочени полициски операции, да воспостават договори за соработка, како и да осмислат насочени кампањи за подигање на свеста. Знаењето треба редовно да се споделува на национално и наднационално ниво.
- Земјите треба да ја зголемат прекуграничната соработка преку **порационални процедури, споделување на најдобрите практики и технологии** (на пример, специјализиран софтвер) и засилена **дисеминација на практични информации** за контакт точките/посветените единици кои служат како „привилегиран контакт" во случајот на случаи на трговија со луѓе, вклучително и ТСЛ преку користење на ИКТ. Треба да се охрабри соработката и поддршката помеѓу земјите на дестинација и потекло (на пр., скапата технолошка опрема може да биде достапна само за побогатите дестинации).

- На обвинителите треба да им се обезбеди специфична **обука** за трговијата со луѓе преку користење на технологија и ракувањето со електронски докази, и нивната презентација пред судија/порота. Земјите треба да преземат мерки за да се погрижат дека **обвинителите се запознаени со процедурите** за барање електронски докази од приватни компании, како и со добивање докази и соработка од други земји и во рамките на правната рамка на ЕУ (преку заедничките истражни тимови и европските истражни наредби) и надвор од правната рамка на ЕУ.
- Земјите треба да развијат **процедури за споделување податоци** со компаниите кои поседуваат релевантни податоци и да размислат за развој на **протоколи за соработка** со приватните компании, вклучително и социјалните мрежи и компаниите со голема економија на тезги (gig economy), како и платформите за изнајмување за да се поттикне навременото обезбедување на информации.
- **Треба да се воспостави понепречен процес за барањата за меѓусебна правна помош (МПП)**, вклучувајќи појасни процедури, зголемена употреба на подобрени мрежи на контакт точки, вклучувајќи ги контактните точки на европската правосудна мрежа (EJN), и барањата за МПП да бидат јасно поставени и дискутирани на самиот почеток. Земјите треба да се погрижат нивниот персонал да е соодветно обучен да ги обработува МПП, EIO и другите меѓународни алатки. Земјите и меѓународните организации треба да развијат **заеднички договорени и прифатени шаблони** кои ги поткрепуваат процесите на соработка со цел да се олесни комуникацијата, да се намалат административните оптоварувања и да се минимизираат грешките во барањата. Земјите, исто така, треба да развијат употреба на **безбедни форми на електронска комуникација** и да го промовираат нивното усвојување за да ја ублажат меѓународната соработка.

- Треба да се предвидат **заеднички активности за обука (ЗАО)** за земјите кои систематски се вклучени во заеднички случаи на трговија со луѓе. Транснационалната размена на знаења може да се поттикне преку учество во меѓународна/регионална обука фокусирана на специфични аспекти на истражување трговија со луѓе преку користење на ИКТ. Таквата обука треба да вклучува студии на случај и сценарија за трговија со луѓе преку користење на ИКТ. На обвинителите и судиите, исто така, треба да им се обезбеди обука за трговија со луѓе и придружните правни инструменти.
- НВО треба да добијат обука за најновите случувања и во технологијата и во опкружувањето кога станува збор за трговијата со луѓе, вклучително и промените во стратегиите за регрутирање. НВО треба да бидат во позиција да разменуваат искуства за најдобрите меѓународни практики.

Дополнително на овие препораки, врз основа на истражувањето се издвојуваат уште неколку препораките. Тие се однесуваат на пријавувањето, гонењето и истрагата, обезбедувањето дигитални докази и јакнење на јавната свест.

## 8.1. Препораки за пријавување

За да се подобрат напорите во борбата против трговијата со луѓе и да се обезбеди поддршка за потенцијалните жртви, најпрво е потребно воспоставување пристапни алатки и канали за пријавување. За таа цел, потребна е **промоција и зголемена видливост на онлајн алатката „Red Button – Црвено копче“ на МВР**. Оваа онлајн алатка дефинитивно треба да биде повидлива на веб страната на МВР, со цел лесно и брзо да биде достапна, вклучително и дигитална помош за пријавувачите преку функцијата за разговор - chat, како што постои во други земји, но и да биде поприфатлива за маргинализираните групи на граѓани. Понатаму, неопходно е **да се воведи единствена наменска телефонска линија за пријавување случаи на трговија со луѓе** со цел да може да се пријавува анонимно, а и доколку има потреба и можност, преку мобилните оператори да се лоцира жртвата. Овие две компоненти се клучни за олеснување на известувањето, интервенцијата и помошта во случаи на трговија со луѓе.

Промоцијата и поголемата видливост на онлајн алатката „Црвено копче“ може да вклучи:

- **Кампањи за подигање на свеста**: спроведување робусна кампања за подигање на свеста за информирање на јавноста за постоењето и функционалноста на алатката Red Button. Ова вклучува користење на различни медиумски канали, социјални мрежи и напори за информирање на заедницата.
- **Кориснички интерфејс**: потребен е интуитивен и лесен интерфејс за оваа алатка што ги поттикнува поединците да пријават сомнителни активности поврзани со трговија со луѓе, вклучително и функција за разговор - chat, како и пријавување сомнителни содржини на интернет страници. Ова вклучува редовни ажурирања и подобрувања за да се направи алатката подостапна.
- **Повеќејазична поддршка**: Обезбедување повеќејазична поддршка во рамките на апликацијата за да се приспособат корисниците од различно јазично говорно подрачје и да се осигура дека известувањето е достапно за пошироката јавност.
- **Мобилна апликација**: развивање верзија на мобилна апликација на алатката Црвено копче, правејќи ја лесно достапна за поединци кои користат паметни телефони и мобилни уреди, кои се вообичаени во денешниот дигитален пејзаж.
- **Партнерства**: соработка со релевантни владини служби, невладини организации (НВО) и меѓународни организации за промовирање на алатката „Црвено копче“ преку нивните мрежи и ресурси.
- **Механизам за повратни информации**: спроведување механизам за повратни информации во алатката за навремено реагирање и одговор на пријавите на корисниците, со што се осигурува дека јавноста ја доживува алатката како ефективна и одговорна.

Korиста од воведување единствена телефонска линија за пријавување случаи на трговија со луѓе се рефлектира преку:

- **Наменски број за телефонска линија**: воспоставување наменски, бесплатен телефонски број на кој поединците можат да се јават за да пријават сомнителни случаи на трговија со луѓе. Оваа телефонска линија треба да работи 24/7 за да се обезбеди итен одговор на итни случаи.
- **Обучени оператори**: вработување обучени оператори кои се специјализирани за справување со случаи на трговија со луѓе. Овие оператори треба да бидат опремени да обезбедуваат информации,

поддршка и насоки за повикувачите, истовремено обезбедувајќи ја нивната безбедност и доверливост. За нив треба да се обезбеди постојана обука за операторите на телефонските линии за да бидат ажурирани со најновите трендови и најдобри практики во справувањето со случаите на трговија со луѓе.

- **Меѓу-агенциска соработка**: координација со службите за спроведување на законот, социјалните служби и невладините организации за да се осигура дека за пријавите добиени преку телефонската линија брзо се постапува и дека на жртвите им се обезбедува соодветна помош и заштита.
- **Опција за анонимно пријавување**: нудење опција за анонимно пријавување за да се охрабрат поединците кои може да се плашат од одмазда или правни последици да дадат соодветни и релевантни информации.
- **Јавна свест**: спроведување кампањи за подигање на јавната свест за информирање на јавноста за постоењето, целта и важноста на пријавувањето на случаи на трговија со луѓе.
- **Собирање и анализа на податоци**: собирање податоци за пријавени случаи и анализа на трендовите за подобрување на превентивните напори, стратегиите за спроведување на законот и услугите за поддршка на жртвите.

Комбинацијата на достапна онлајн алатка за известување и посветена телефонска линија создава сеопфатна инфраструктура за известување. Овој пристап не само што го поттикнува пријавувањето на случаи на трговија со луѓе, туку и обезбедува брз и ефективен одговор, а со тоа ги зајакнува напорите за борба против трговијата со луѓе и заштита на потенцијалните жртви.

## 8.2. Препораки за истрагата и кривичното гонење

Во однос на правните аспекти, потребно е подетално **да се анализираат и согледаат постојните законски решенија и алатките и инструментите кои ги нудат во однос на можноста проактивно да се откриваат лица кои вршат демнење на интернет и сексуално вознемирување**. Во развиените земји тоа се постигнува преку спроведување тајни (прикриени) онлајн истраги (тајни инфилтрации). Со оглед дека ваквите типови истраги не се законски предвидени, потребно би било да се иницираат измени во овој правец, имајќи ги предвид резултатите кои

би ги дале, а поради сè позачестената појава на користење на ИКТ за врбување и експлоатација на жртви, меѓу кои најголем број се деца на возраст од 7 до 13 години. Тоа секако би повлекувало и набавка на соодветна техничка и информатичко-комуникациска опрема и обука за персоналот - истражителите кои ќе работат на овие проблематики.

Во таа насока, потребна е **сензибилизација на органите за кривичен прогон и правосудните органи (МВР, инспекциските органи, јавното обвинителство и судовите) со добрите практики** кои може да се користат во откривањето и идентификувањето на случаите на трговија со луѓе, нивните сторители и жртви, но и превенирањето. Тоа значи:

- **учење од меѓународни и регионални добри практики** преку размена на искуства со други поразвиени земји за употребата на ИКТ и учење од овие компаративни искуства преку заеднички работилници, обуки и менторства,
- **јакнење на истражните капацитети на органите за кривичен прогон** (преку обезбедување современи технички ресурси, ИКТ, експертиза/знаење) за идентификација, откривање и документирање случаи на трговија со луѓе извршени преку ИКТ со цел поефикасно обезбедување и собирање квалитетни докази,
- **јакнење на превентивните капацитети на органите за кривичен прогон** (преку обезбедување современи технички ресурси, ИКТ, експертиза/знаење) за проактивно истражување, рано откривање и идентификување случаи на трговија со луѓе и рано предупредување преку следење ризични интернет страници, контрола на социјалните мрежи и идентификување сомнителни огласи за работа. Во оваа насока и јакнење на напорите за проактивно идентификување на жртвите на трговија со луѓе и доследна проверки за случаи на трговија со луѓе меѓу лицата што даваат комерцијални сексуални услуги, нерегуларните мигранти, бегалците и друга популација под ризик,
- **развивање специјализирани курикулуми** за водење проактивни истраги и обезбедување, чување и анализа на дигитални докази и нивно интегрирање во редовните наставни програми за почетна и континуирана обука на релевантните професионални групи, а особено за полициските службеници, односно истражителите. Обвинителите, судиите, адвокатите, вештаците и трудовите инспектори, треба да бидат запознати со можностите и придобивките кои ги нудат соодветните ИКТ алатки во процесот на откривање, идентификување и докажување на трговијата со луѓе,

- **зголемување на соработката и размената на информации** помеѓу органите за кривичен прогон, граѓанските организации, ИКТ компаниите и другите засегнати актери за побрзо и полесно откривање случаи на трговија со луѓе,
- **подобрување на координацијата помеѓу сите органи вклучени во истрагата** – итната реакција отсуствува, вложен е труд и време за следење и собирање информации и сознанија за организираната група, но без резултати, а постојните протоколи за соработка не се спроведуваат,
- водење грижа за **заштита на личните податоци и приватниот живот на жртвите** во текот и по завршување на постапките преку отстранување на инкриминирачките содржини од онлајн просторот,
- **спроведување заеднички мултидисциплинарни обуки** за сите вклучени субјекти во соработка со претставници на граѓанскиот сектор со цел да се зајакне соработката помеѓу државните органи и специјализираните граѓански организации, бидејќи недоволно е и познавањето на превентивната улога на ИКТ кај случаите на трговија со луѓе и од страна на членовите на граѓанскиот сектор,
- заради собирање докази неопходни за успешна истрага и кривично гонење на случаите на трговија со луѓе за целите на трудовата експлоатација, потребно е и **јакнење на соработката меѓу трудовите инспектори, другите државни и општински тела кои вршат инспекциски активности, истражителите, мобилните тимови, синдикатите и актерите од граѓанското општество**. Дополнително на ова, Државниот инспекторат за труд треба да поседува и сопствени ИКТ капацитети за безбедно чување и размена на податоци со други релевантни државни органи, со оглед дека добива сознанија и информации за потенцијални случаи на трудова експлоатација.

## 8.3. Препораки за обезбедување дигитални докази

Во однос на дигиталните докази, карактеристично е тоа што на нивната (не)постојаност и локација не може да се влијае, но важно е да се инсистира **да се изготват јасно напишани правила и процедури за постапување со електронски докази**, со кои ќе бидат запознаени сите полициски службеници, кои ќе поминат и **соодветни обуки за нивна примена** и секако **обезбедување соодветна техничка опрема за ракување и чување на електронските докази**.

Потребна е **дополнителна длабинска проценка од технички експерти и стручна анализа на постојните технички ресурси** на органите за кривичен прогон, заради утврдување на реалните потреби за надградба на капацитетите за откривање и истражување трговија со луѓе олеснета од ИКТ. Ваквата анализа и проценка треба да даде детална слика на постојните капацитети и потребите за подобрување на капацитетите и зголемување на ефикасноста на органите за кривичен прогон.

За ефективно да се истражат случаите на трговија со луѓе олеснети преку ИКТ, **истражителите треба да поседуваат соодветна техничка експертиза и вештини**. Тие би можеле да бидат дел од курикулумот за нивна почетна обука за работа на вакви случаи. Најпрво, **умешност во дигиталната форензика**. Експертите треба да бидат способни да прибавуваат, зачувуваат и анализираат дигитални докази од различни уреди, како што се компјутери, паметни телефони, сервери и медиуми за складирање. Тие, исто така, треба **да ги знаат правните и процедуралните аспекти на ракување со дигитални докази**. Разбирањето на мрежните протоколи, анализата на сообраќајот и можноста за следење на дигиталните отпечатоци низ мрежите е од клучно значење. Оваа вештина помага во идентификување на моделите на комуникација меѓу трговците со луѓе и нивните жртви. Понатаму, **разбирање на принципите за сајбер-безбедност** е од суштинско значење за идентификување на ранливости во дигиталните системи што трговците со луѓе можат да ги искористат. Експертите треба да знаат да ги вратат податоците од оштетените или избришаните уреди за дигитално складирање. Оваа вештина може да биде клучна за пронаоѓање докази што трговците со луѓе може да се обидат да ги сокријат. **Умешност во техниките и алатките на OSINT** за собирање информации од јавно достапни онлајн извори може да помогне во градењето профили на трговците со луѓе, следењето на нивните активности и идентификувањето на потенцијалните жртви. **Разбирање на методите на шифрирање и криптографските техники** помага за справување со случаи каде трговците со луѓе користат шифрирање за да ги заштитат своите комуникации и податоци. Со оглед на широката употреба на паметни телефони, експертите треба да бидат **вешти во форензика на мобилни уреди**, вклучувајќи извлекување податоци од мобилни уреди, анализа на мобилни апликации и враќање на избришаните информации. **Запознавање со Darkweb и неговите платформи** е од витално значење, бидејќи трговците со луѓе понекогаш работат во скриени онлајн простори. Истражителите треба да знаат како да пристапат и да се движат во овие области додека се придржуваат до правните и етичките упатства. Треба **да ги разберат тактиките на**

**социјалниот инженеринг** и да можат да препознаат кога трговците со луѓе користат манипулација или измама за да ги искористат жртвите или да добијат пристап до информации. **Разбирањето на „облак“ услугите** и можноста да се добијат докази складирани во облак средини стануваат сè поважни, бидејќи трговците со луѓе може да користат складирање во облак за податоци и комуникации. Со оглед дека технологијата брзо се развива, експертите треба да бидат **посветени на континуирано учење** и да бидат ажурирани за најновите случувања во дигиталната форензика и сајбер безбедноста. Сите овие технички вештини, комбинирани со силна посветеност на етичко однесување и почитување на законските процедури, им даваат овластување на експертите за компјутерски криминал да спроведат темелни и ефективни истраги за случаите на трговија со луѓе олеснети преку ИКТ.

За таа цел, препорачливо е да се обучат минимум по двајца до тројца полициски службеници, вработени во аналитичките служби на Секторите за внатрешни работи, на Регионалните центри за гранични работи, Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Одделот за криминалистичка полиција. Обуката треба да опфати начини на екстрахирање на електронските докази од разни технички апарати по обезбедени наредби од основно јавно обвинителство. Секако, паралелно со тоа потребно е и да се обезбедат соодветни уреди и софтвер за истото.

Понатаму, препорачливо е да се обучат барем тројца полициски службеници од НЕСКМТЛ, кои покрај обуката за екстрахирање на електронски докази, ќе поминат и обука за откривање лица кои го злоупотребуваат интернетот и ИКТ за да вршат “grooming“. За овие полициски службеници ќе треба и да се обезбеди информатичка технологија со соодветен софтвер кој овозможува и пребарување по одредени фрази или зборови.

## 8.4. Препораки за јакнење на јавната свест

Студијата на ГРЕТА ги дава следните препораки во оваа насока:

- Приватните компании, кои работат со властите и невладините организации, треба да го зголемат онлајн социјалното рекламирање за да се спречи виктимизацијата и да се подобри откривањето на трговијата со луѓе преку користење на технологијата. Земјите треба да ги зголемат напорите за да ги информираат поединците за нивните работнички права на јазик што го разбираат, во соработка со невладините организации и со компаниите кои обезбедуваат услуги за поставување/хостирање за огласи за вработување. Влијанието на кампањите треба рутински да се оценува.
- Земјите, невладините организации и приватните компании кои обезбедуваат онлајн и ИКТ услуги треба да преземат иницијативи за **подигање на свеста за ризиците поврзани со технологијата, вклучително и како трговците со луѓе би можеле да ја искористат технологијата** и како може да започнат потенцијални експлоататорски ситуации. Училиштата и воспитувачите треба да бидат дел од овој напор бидејќи децата и младите се изложени на зголемени ризици. Земјите и невладините организации треба да соработуваат со приватни компании кои нудат услуги за комуникација и пораки за да дизајнираат информации/предупредувања во системот за **безбедно користење на приватните канали за комуникација**.
- НВО треба да понудат обука за техники на заштита на податоците и безбедно користење на технологијата како дел од **програмите за заштита и реинтеграција на жртвите**. Жртвите не треба да бидат исклучени од технологијата што ќе создаде ефект тие да станат уште понемоќни.

**Подигнувањето на јавната свест кај граѓаните за сериозноста на трговијата со луѓе преку интернет** е повеќеслоен потфат кој вклучува конзистентни кампањи за подигање на свеста и сеопфатно медиумско покривање. Покрај тоа, тоа подразбира користење на социјалните мрежи како средство за ефективно едуцирање на граѓаните, овозможувајќи им полесно да ги препознаат шемите за трговија со луѓе и незаконските

имиграциски активности. Суштинскиот аспект на овој напор вклучува развој и дисеминација на промотивни материјали, кои се специјално приспособени за учениците, наставниците и родителите. Овие материјали имаат двојна цел: за подигање на свеста за опасностите што демнат на интернет и пренесување стратегии за заштита на себеси и на саканите од овие дигитални опасности.

Подетално, подигнувањето на свеста би можело ефективно да се постигне преку:

- **Континуирани кампањи за подигање на свеста**: тековните и стратешки дизајнирани кампањи за подигање на свеста се од суштинско значење за да се информира јавноста за знаците, ризиците и последиците од трговијата со луѓе преку ИКТ. Овие кампањи имаат за цел да ги сензибилизираат поединците за постоењето на овие прашања во нивните заедници.
- **Медиумски ангажман**: медиумите играат клучна улога во ширењето информации до пошироката публика. Известувањето за случаите на трговија со луѓе, вклучително и деца, е особено специфично и сензитивно. На медиумските работници им се потребни обуки за начините на известување и пренесување соодветни информации до граѓаните. Соработката со различни медиумски канали осигурува дека пораката допира до различен сегмент на општеството, засилувајќи ја важноста на будноста против трговијата со луѓе преку ИКТ.
- **Користење на социјалните мрежи**: платформите за социјални медиуми се моќни алатки за масовна комуникација. Користењето на овие платформи овозможува ширење на витални информации, ажурирања и ресурси до граѓаните, поттикнувајќи колективна свест за потенцијалните ризици и црвени знамиња.
- **Прилагоден едукативен материјал**: прилагодените промотивни материјали треба да таргетираат одредени целни групи во рамките на населението. Материјалите дизајнирани за ученици, наставници и родители можат да помогнат во справувањето со уникатните предизвици и ранливости со кои секоја група може да се соочи.
- **Акцент на безбедност на интернет**: во рамките на овие промотивни материјали, посебен акцент има безбедноста на интернет. Тие ги едуцираат поединците, особено учениците, за опасностите поврзани со онлајн интеракциите, како што се сајбер-малтретирањето, онлајн предаторите и измамничките тактики што ги користат трговците со луѓе.

- **Соработка со образовни институции**: партнерствата со училиштата и образовните институции обезбедуваат учениците и едукаторите директно да ги добиваат овие материјали, со што се олеснува сеопфатното и соодветно на возраста едуцирање за безбедноста на интернет и свесноста за трговија со луѓе.
- **Родителско лидерство**: препознавајќи дека родителите играат клучна улога во водењето и контролата на активностите на нивните деца на интернет, едукативните материјали треба да вклучат ресурси за да им помогнат на родителите да започнат разговори за безбедноста на интернет и ризиците од трговија со луѓе со нивните деца и да ја зголемат контролата над нивното работење на интернет.
- **Достапност на ресурси**: овие ресурси треба да се лесно достапни, како на пример преку онлајн портали, настани во заедницата или информативни сесии, за да можат граѓаните лесно да пристапат до информации и да бараат помош кога е потребно.

Во суштина, целта е да се изгради добро информирано и будно општество со комбинирање на континуирани иницијативи за подигање на свеста, ангажман на медиумите и насочени едукативни материјали за сериозноста и штетноста на трговијата со луѓе, како и начини за заштита на интернет од вакви појави. Овој повеќеслоен пристап ги опремува граѓаните, особено учениците, наставниците и родителите, со знаење и свесност, потребни за да ги идентификуваат и да се заштитат и од физички и од дигитални закани, поттикнувајќи побезбедна и поотпорна заедница.

# Анекс 1 – Листа на технолошки алатки идентификувани во рамките на истражувањето

## Алатки според категорија и потреби за вештачење

| Бр | Продукт | Линк | Детали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Maltego | www.paterva.com | Анализа | OSINT апликација |
| 2 | Cellebrite | https://cellebrite.com/en/ | Алатка со претплата | Cellebrite е go-to tool provider за форензика за мобилни, која дава широка поддршка за мобилни и за напредна ексфилтрација на податоци. Трошок |
| 3 | Palantir | https://www.palantir.com/ | Алатка со претплата | Крим анализа |
| 4 | I2 Analyst's Notebook | https://i2group.com/i2-analysts-notebook | Алатка со претплата | Крим анализа |
| 5 | Traffic Jam | https://www.marinusanalytics.com | Алатка | Може да го скенира интернетот и да ги поврзе жртвите на ТЛ со фотографии на исчезнати деца во реклами за секс |
| 6 | Thorn | https://www.thorn.org/ | Алатка | Злоупотреба на деца |
| 7 | Project Vic | https://www.projectvic.org/ | | Скенирање и тргање на содржина |
| 8 | Stop the trafficking | https://www.stopthetraffik.org | Платформа | Известување |
| 9 | Two Hat Security | https://www.twohat.com/ | Платформа | Посветена против ТЛ |
| 10 | Photo DNA | https://www.microsoft.com/en-us/photodna | Микрософт алатка | Помага во стопирање на злоупотреба на деца |
| 11 | Child Exploitation Tracking System (CETS | Microsoft | Микрософт алатка | Солуција базирана врз софтвер, кој ги менаџира и поврзува случаите за заштита на деца |
| 12 | Computer Online Forensic Evidence Extractor (COFEE | Microsoft | Микрософт алатка | Алатката им помага на истрагите за компјутерска форензика преку екстрахирање на дигиталните докази |
| 13 | Ship AIS | www.shipais.com | Локатор | Лоцира бродови |
| 14 | U Trace | www.utrace.com | ИП адреса | Географска локација на мапа на ИП адреса |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Geocode | www.geocode.com | Алатка | Конвертира ГПС координати во улични адреси |
| 16 | Skye phone extractor | https://www.skyextractor.com | За поврат на изгубени податоци | Екстрахира податоци |
| 17 | Tenorshare | https://www.tenorshare.net | За поврат на изгубени податоци | Екстрахира податоци |
| 18 | DrPhone | https://drfone.wondershare.com | За поврат на изгубени податоци | Екстрахира податоци |
| 19 | Wondershare Player | www.wondershare.net | За поврат на изгубени податоци | Бришење/враќање на избришани податоци/ ПДФ едитор |
| 20 | TRM Forensics | https://www.trmlabs.com | Форензика | Ги наоѓа изворот и дестинацијата на трансакциите на крипто валута |
| 21 | Chainalysis | https://www.chainalysis.com | Алатка | Реактор е софтвер за истрага што поврзува трансакции на крипто валути со ентитети од реалниот живот |
| 22 | CipherTrace | https://ciphertrace.com/ | Алатка | Форензичка анализа на крипто валута |
| 23 | Elliptic | https://www.elliptic.co/ | Алатка | Наоѓа трага на секоја трансакција преку целиот крипто еко систем за да се има целосен увид во ризикот |
| 24 | Coinfirm | https://www.coinfirm.com/ | Алатка со претплата | Значајна алатка за компаниите и владите кои сакаат да се сообразат со законите против перење пари и да се борат против перење пари |
| 25 | Elliptic | https://www.elliptic.co/blockchain-forensics | Алатка | Форензика на Blockchain дигитална датабаза |
| 27 | Magnet Axiom | https://www.magnetforensics.com | Алатка за анализа | За анализи на повисоко ниво |
| 28 | Velociraptor | https://docs.velociraptor.app/ | Алатка | Алатка која слободно се користи (open source) за внатрешни тимови на безбедност за прибирање податоци низ сите крајни точки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 29 | Wireshark | https://www.wireshark.org/ | Алатка | Ги покажува сите мрежни пакети испратени или примени од уред |
| 30 | X-Ways Forensics | https://www.x-ways.net/forensics/index-m.html | Алатка | Алатка за истражители кои сакаат рачно да копаат за длабока анализа, а не со помош на автоматика |
| 31 | CAINE | https://www.caine-live.net/ | Форензика | Linux дистрибуции на дигитална форензика се достапни како виртуелни машини (ВМ). ВМ вклучува број на прединсталирани и однапред конфигурирани алатки |
| 32 | Infosniper | www.infosniper.net | ИП адреса | ИП адреса географска информација |
| 33 | Camtasia Studio | www.techsmith.com | За снимање | Снимање на екран и видеа. Трошок |
| 34 | Snag It | www.techsmith.com | За снимање | Снимање на екран и видеа. Трошок |
| 35 | Atomic CD email extractor | www.massmailsoftware.com | Е-мејл | Лоцира е-мејл адреси од ЦД-иња и ДВД-ија. Трошок |
| 36 | Atomic CD email logger | www.atomic-email.com/email-logger | Алатка | Лоцира е-мејл адреси од веб страници. Трошок |
| 37 | Wireshark | www.wireshark.org | Анализа | Анализа на мрежни протоколи |
| 38 | EnCase | https://www.opentext.com | Форензика | Споделена технологија во рамки на продукт за дигитални истраги |
| 39 | Network Tools | www.network-tools.com | Информација за мрежа | Проверка на ИП адреса и други |
| 40 | Rylstim | www.sketchman-studio.com | Движења на екранот | Снима се што е на екранот |
| 41 | IP Address & Domain Info | https://addons.mozilla.org | | ИП информација |
| 42 | Autopsy | https://www.autopsy.com/ The Top 20 Open Source Digital Forensic Tools for 2023 (salvationdata.com) | Алатка | Аутопсија (open-source) софтвер за слободна употреба која им дава на истражителите целосна база од која може да работат |
| 43 | Screenshot | www.screenshot-utility.com | Алатка | Ја фаќа сликата на екранот и ја праќа. Бесплатна |
| 44 | Swiftcodesinfo | www.swiftcodesinfo.com | Дополнителна алатка | Свифт кодови на банки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 45 | Bindb | www.bindb.com | | Идентификација на број на банка |
| 46 | OmniSCI | https://www.heavy.ai/ | Алатка | Платформа за аналитика и разузнавање |
| 47 | Geo Feedia | www.geofeedia.com | Анализа | Мониторинг на социјални медиуми базирано на локација |

## Категорија пребарување и општо

| Бр | Продукт | Линк | Детали | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Google SSL | https://encrypted. google.com | Пребарувач | Ги држи податоците од пребарување од ISP |
| 2 | Torch | www.torchbrowser. com | Пребарувач | Пребарувач за torrent и други симнувања на податоци |
| 3 | Tor | www.torproject.org | Пребарувач | Пристап dark web |
| 4 | Memex | Registration | Пребарувач | Dark web машина за пребарување |
| 5 | Duck Go | www.duckduckgo. com | Пребарувач | Не прибира лични информации |
| 6 | Copernic Agent Pro subscription) | www.copernic.com | Апликација | Алатка за пребарување на интернет и за тракинг |
| 7 | Global File Search | www. globalfilesearch.net | | Локален ftp сајт |
| 8 | Document Search | www. documentsearch.org | Документ | Пребарување на документи по вид |
| 9 | People Finder | https://www. peoplefinder.com | Идентификација | Пребарување на лица |
| 10 | 123 People | www.123people. com | Идентификација | Пребарување на лица |
| 11 | Firefox | www.firefox.org | Пребарувач | Пребарувач |
| 12 | Safari | www.safari.com | Пребарувач | Yahoo базирано |
| 13 | Google | www.google.com | Пребарувач | Пребарувач |
| 14 | Search by image | Google images | Пребарувач | Пребарувач по слики |
| 15 | Tube Surf | www.tubesurf.com | Видео | Видео |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Blinkx | www.blinkx.com | Видео | Видео |
| 17 | Proxywonk | www.proxywonk.com | Анонимно постирање он-лајн | Брзи бесплатни услуги |
| 18 | Gigablast | www.gigablast.com | | Пребарувач |
| 19 | Untabbed | www.untabbed.com | | Ги симплифицира резултатите од Гугл |
| 20 | Instalooter | Package tools | Алатка на Инстаграм | Ги симнува сите слики |
| 21 | Search Instagram | www.searchinstagram.com | | Пронаоѓа слики на Инстаграм |
| 22 | Check Username | www.checkusername.com | | Социјални медиуми |
| 23 | Yamli | www.yamli.com | Пребарувач | Арапски |
| 24 | Yandex | www.yandex.com | Пребарувач | Руски |
| 25 | Filecrop | www.filecrop.com | Споделување на фајлови | |
| 26 | Files Tube | www.filestube.com | Споделување на фајлови | |
| 27 | Search Shared | www.searchshared.com | | |
| 28 | Twellow | www.twellow.com | | Пребарува јавни сметки на twitter |
| 29 | FTK Imager | https://www.exterro.com/ftk-imager | | Креира форензички слики на локален хард драјв |
| 30 | Sharedigger | www.sharedigger.com | | Лоцира фајлови при споделување и прикачување на сајтови |
| 31 | Similar Sites | www.similarsites.com | | Алатка за анализа на веб страници |
| 32 | Similarweb | www.similarweb.com | | Лоцира слични веб сајтови |
| 33 | Similar Site Search | www.similarsitesearch.com | | Лоцира слични веб сајтови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34 | More sites like | www.moresiteslike.org | | Лоцира слични веб сајтови |
| 35 | OSINT Framework | https://osintframework.com/ | | Збир на податоци на веб сајт од откриени податоци и алатки за собирање од скоро било кој извор или платформа |
| 36 | Capture & Print | https://addons.mozilla.org | | Принт на веб страницата |
| 37 | ArchiveFacebook | https://addons.mozilla.org | Анализа | Зачувува содржина на Facebook |
| 38 | RepKnight | www.repknight.com | Анализа | Управување со социјални медиуми. Трошок |
| 39 | Meltwater Buzz | www.meltwater.com | Анализа | Софтвер за маркетинг на социјални медиуми |
| 40 | Muster Point | www.musterpoint.co.uk | Анализа | Мониторинг на социјални медиуми. Трошок |
| 41 | Babel X | https://www.babelstreet.com/ | | Овој пребарувач на меѓународен систем користи AI за да ја надмине јазичната бариера за било кој термин на пребарување. Заснован е на услуга облак (cloud-based service) |
| 42 | Google Dorks | https://www.exploit-db.com/google-hacking-database | | OSINT метода за прибирање податоци преку паметни прашања за Гугл пребарување со напредни аргументи |
| 43 | Creepy | www.geocreepy.com | | Прибира географска информација од социјални медиуми |
| 44 | Exif Viewer | https://addons.mozilla.org | | Преглед на мета податоци |
| 45 | ProDiscover Forensic | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 46 | Cryptocurrency Forensics | | | |
| 47 | GeoTraceability (GeoSurvey, GeoTrace) | | | |
| 48 | SIFT Workstation | | | |
| 49 | Microsoft | Microsoft package for law enforcement | | |
| 50 | Capterra | https://www.capterra.com | Прибор со алатки | |

## Категорија контакти на компании (за спроведувачи на законот)

Facebook

https://www.facebook.com/records/login/

WhatsApp

https://www.whatsapp.com/records/login

Telegram

https://telegram.org/privacy

Viber

https://www.viber.com/en/terms/information-for-law-enforcement-and-governmental-authorities/

Tik Tok

https://www.tiktok.com/legal/page/global/law-enforcement/en

# Анекс 2 - Прашалници

## Прашалник за претставници на државни институции

### Дел 1. Влијанието на ИКТ врз ТСЛ

1. Врз основа на докази од вашата земја, би можеле ли да дадете примери за начините на кои ИКТ се користат од престапниците во контекст на ТСЛ за сексуална експлоатација? (За секој пример, наведете детали за начинот на делување на трговците со луѓе и видот на користената технологија, на пр. Интернет, одредени веб-страници, социјални медиуми, апликации).

2. Слично на тоа, би можеле ли да дадете примери за начините на кои ИКТ се користи од страна на прекршителите во контекст на ТСЛ за трудова експлоатација? (За секој пример, ве молиме наведете детали за начинот на делување на трговците со луѓе, типот на технологија што се користи, на пр. Интернет, конкретни веб-страници, социјални медиуми, апликации и економскиот сектор во кој се врши експлоатација).

3. Кои се новите трендови во вашата земја во однос на употребата на ИКТ во ТСЛ (нови видови технологија, нов начин на работа, нови видови на експлоатација...)? Дали идентификувавте нови онлајн практики кои може да го зголемат ризикот за станување на жртва на ТСЛ (и за сексуална и за трудова експлоатација)?

4. Дали DarkWeb игра некаква улога во ТСЛ во вашата земја? Ако е така, може ли да понудите некои детали? (Под DarkWeb мислиме на интернет страници кои се достапни само преку анонимизирани прелистувачи, како што е Tor).

5. Дали во вашата земја се користат ИКТ за олеснување на финансиските текови во контекст на ТСЛ? Ако е така, на кои начини? До кој степен се користат криптовалутите или криптопаричниците?

6. Генерално, на скала од 1 до 5, како би го оцениле влијанието на ИКТ врз ТСЛ во вашата земја?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Многу ограничено | | | | Многу важно |

## Дел 2. Клучни предизвици со кои се соочуваат земјите-членки во откривањето, истрагата и гонењето на ТСЛ преку користење на ИКТ

### Откривање

7. Кои се стратегиите усвоени од вашата земја за откривање на онлајн случаи на ТСЛ?

8. Воопшто, кои се предизвиците во откривањето на ТСЛ преку користење на ИКТ?

9. Дали имате примери за најдобри практики за откривање случаи на ТСЛ преку користење на ИКТ?

10. Каков вид на обука обезбедувате на истражителите и другите актери во кривичната правда за идентификување на случаи на ТСЛ овозможена од ИКТ? Која дополнителна обука би можела да се понуди за да се зголеми ефективноста на стратегиите за откривање? Како може да се зајакне онлајн идентификацијата на жртвите?

### Истраги

11. Размислувајќи за **истрагите на ТСЛ преку користење на ИКТ**, колкав проблем сметате дека би било следново:

| | Обично не е проблем | Помал проблем | Голем проблем |
|---|---|---|---|
| Шифрирање на податоци | | | |
| Недостаток на техничко знаење кај органите на прогонот | | | |
| Голем обем на податоци што резултира со истраги кои одземаат многу време | | | |
| Брзина на технолошки промени (брзо појавување на нова технологија итн.) | | | |
| Недостаток на техничка опрема | | | |
| Недостаток на помош од приватниот сектор | | | |
| Несоодветни законодавни алатки, вклучително и алатки за меѓусебна правна помош | | | |

12. За секој проблем што го сметате за „голем“, наведете неколку примери и опишете ги чекорите, доколку ги има, кои се веќе преземени за негово надминување/ублажување. За секој „голем“ проблем, какви решенија би можеле да се предвидат за негово надминување?

13. Дали има дополнителни проблеми кои не се наведени во табелата? (За секој дополнителен проблем, наведете детали за проблемот и решенијата што би можеле да се предвидат за негово надминување).

14. Според вас кои се најдобрите стратегии за спроведување ефективни истраги за ТСЛ преку користење на ИКТ?

15. Каква обука моментално им се обезбедува на органите на прогонот во врска со истрагите за ТСЛ преку користење на ИКТ? Кои дополнителни потреби за обука на органите на прогонот ги идентификувавте во врска со ТСЛ преку користење на ИКТ? Дали има примери на практики за обука кои ги сметате за особено успешни?

**Обвинителство**

16. Размислувајќи за **кривичното гонење за трговија со луѓе преку користење на ИКТ**, колкав проблем сметате дека би било следново:

| | Обично не е проблем | Помал проблем | Голем проблем |
|---|---|---|---|
| Припишување на јурисдикција | | | |
| Екстрадиција на осомничени | | | |
| Добивање докази од други земји | | | |
| Помош од приватниот сектор | | | |
| Несоодветни законодавни алатки, вклучително и меѓусебни алатки за правна помош | | | |
| Непостоење на обука кај обвинителите | | | |

17. За секој проблем што го сметате за „голем“, наведете неколку примери и опишете ги чекорите, доколку ги има, кои се веќе преземени за негово надминување/ублажување. За секој „голем“ проблем, какви решенија би можеле да се предвидат за негово надминување?

18. Дали има дополнителни проблеми кои не се наведени во табелата? (За секој дополнителен проблем, наведете детали за проблемот и решенијата што би можеле да се предвидат за негово надминување).

19. Какви обуки во моментов се обезбедуваат на обвинителите и судиите во врска со ТСЛ преку користење на ИКТ? Кои потреби за дополнителна обука на обвинителите и судиите ги идентификувавте во врска со ТСЛ преку користење на ИКТ? Дали има примери на практики за обука кои ги сметате за особено успешни?

20. Дали вашата земја има специјализирани единици во рамките на органите на прогонот и судството задолжени да постапуваат со случаи на ТСЛ со голема технолошка компонента (на пример, електронски и онлајн докази)? Ако одговорот е да, опишете ги нивните практики.

**<u>Меѓународна соработка</u>**

21. Кои се предизвиците на транснационалните истраги и судската соработка во контекст на ТСЛ преку користење на ИКТ? Кои се главните пречки за ефективноста, доколку ги има, и како тие би можеле да се надминат?

22. Дали има примери на добри практики за унапредување на меѓународната соработка?

## Дел 3. Постојни алатки за спречување и борба против ТСЛ преку користење на ИКТ

23. Можете ли да ги опишете најрелевантните домашни правни инструменти што се користат во борбата против ТСЛ преку користење на ИКТ? Дали вашето законодавство може да биде во чекор со технолошките промени? Ако да, како се прилагодувате на тие промени? Ако не, како може да се подобри?

24. Можете ли да ги опишете најрелевантните меѓународни правни инструменти кои се користат во борбата против ТСЛ преку користење на ИКТ? Дали сметате дека постоечките инструменти се соодветни? На кои начини тие можат да се подобрат?

25. Дали има некои специфични недостатоци во сегашното домашно или меѓународно законодавство кои ја попречуваат борбата против ТСЛ преку користење на ИКТ?

26. Дали имате некакви механизми насочени кон спречување на употребата на ИКТ за цели на ТСЛ, вклучително и на социјалните медиуми и во врска со огласите за работа преку Интернет? Ако одговорот е да, ве молиме опишете ги постоечките практики и наведете го државниот орган одговорен за нивното спроведување.

**Дел 4. Искористување на технологијата**

27. Кои технолошки алатки, доколку ги има, се моментално достапни во вашата земја за идентификување на жртвите на ТСЛ? Дали се користи вештачка интелигенција, препознавање лица и/или аналитика на големи податоци за да се идентификуваат жртвите? Дали имате збир на индикатори („црвени знамиња“) за идентификување на жртвите?

28. Кои иницијативи кои се потпираат на технологијата постојат во вашата земја за да им се помогне на жртвите и да се дисеминираат информациите до ризичните заедници?

29. Кои иницијативи кои се потпираат на технологијата постојат во вашата земја за поддршка на истрагите и зајакнување на гонењето?

**Дел 5. Соработка со приватни компании**

30. На кои начини ИКТ компаниите, вклучително и давателите на услуги за поставување на содржини (хостирање) на интернет, социјалните медиуми и другите онлајн платформи, помагаат во идентификацијата и отстранувањето на содржините на Интернет поврзани со трговија со луѓе? Како се врши филтрирањето? Дали сегашниот механизам за филтрирање и отстранување е ефикасен? Ако не, како може да се зајакне? Можете ли да дадете неколку примери на добри практики?

31. Дали има барања во вашата законска рамка за филтрирање и отстранување на интернет содржини поврзани со трговија со луѓе и кои се санкциите за неусогласеност? Дали има кодекс на однесување за давателите на услуги/провајдерите? Дали правната рамка е ефикасна? Ако не, како може да се зајакне?

32. Кои се пречките со кои се соочува вашата земја во работата со ИКТ компаниите и давателите на услуги на интернет, вклучително и прикачувачите/хостирачите на содржини и социјалните медиуми, во справувањето со ТСЛ? Како може да се изгради ефективно партнерство со ИКТ компаниите? Кои алатки – правни и оперативни – би можеле да помогнат во зајакнувањето на соработката со ИКТ компаниите?

33. На кои начини ИКТ компаниите се борат против финансиските трансакции поврзани со ТСЛ? Како може да се зајакне соработката во овој домен?

34. Дали вашата земја има независно тело/регулатор задолжен за следење на интернет содржините? Ако одговорот е да, врз основа на што се врши таквата активност? Ако не, на кои начини се врши мониторингот?

**Дел 6. Конвенција за компјутерски криминал (Конвенцијата од Будимпешта)**

35. На кој начин, доколку постои, вашата земја ги користи одредбите од Конвенцијата за сајбер криминал на СЕ (Конвенција од Будимпешта) за борба против ТСЛ? Ако не, зошто е тоа така?

36. Дали постојат начини на кои Конвенцијата за сајбер криминал (Конвенцијата од Будимпешта) и нејзините дополнителни протоколи би можеле дополнително да се користат за борба против ТСЛ?

**Дел 7. Заштита на човековите права**

37. Кои мерки се во сила за да се заштитат човековите и граѓанските права на поединците, вклучувајќи ги податоците и правата на приватност, кога се борат против ТСЛ преку користење на ИКТ? Ако се користат технолошки алатки, на пример за чешлање на Интернетот, кои протоколи се поставени за да се гарантира дека таквите алатки ги штитат сензитивните податоци, вклучително и за сексуалната ориентација, религијата и политичките ставови?

38. Дали имате родово-сензитивни протоколи поврзани со употребата на технологија за борба против ТСЛ? Дали имате возрасно-сензитивни протоколи? Ако е така, може ли да ги опишете овие протоколи?

39. Како е заштитена доверливоста на податоците кога се споделуваат информации меѓу органите на прогонот и трети страни, вклучително и приватни компании и добротворни организации? Како е избалансирана потребата на жртвите за доверливост при пристапот до услугите наспроти потребата од собирање докази и информации за помош во борбата против ТСЛ?

На крај, дали има нешто друго што не е опфатено во овој прашалник што го сметате за релевантно во контекст на борбата против трговијата со луѓе, преку користење на ИКТ?

**Дополнителни материјали**

Можете ли да споделите со нас какви било релевантни недоверливи материјали, вклучително и статистички податоци, соопштенија за медиумите, кратки извештаи на полициските операции, кои се однесуваат на ТСЛ преку користење на ИКТ, вклучувајќи:

- Употреба на ИКТ во ТСЛ;
- Предизвици во откривањето на ТСЛ преку користење на ИКТ, вклучително и идентификација на жртвите;
- Предизвици во истрагата и гонењето на ТСЛ преку користење на ИКТ;
- Соработка меѓу земјите во контекст на ТСЛ преку користење на ИКТ;
- Соработка со ИКТ компании;
- Алатки за борба против ТСЛ преку користење на ИКТ (правни и/или оперативни алатки);
- Иницијативи за борба против ТСЛ кои се потпираат на технологија;
- Примери на добри практики.

Доколку вашиот национален известувач го истражувал прашањето за ТСЛ преку користење на ИКТ, ве молиме споделете ги со нас релевантните извештаи/материјали.

## Прашалник за ГО

Овој прашалник се обидува да го разбере влијанието на технологијата врз трговијата со луѓе (ТСЛ) врз основа на докази од вашата работа на терен. Под технологија, подразбираме широк збир на информатички и комуникациски технологии (ИКТ) кои им овозможуваат на корисниците да разменуваат дигитални информации. Примери за тоа се Интернет, онлајн социјални медиуми и апликации за мобилни телефони.

**Дел 1. Влијанието на технологијата врз ТСЛ**

1. Врз основа на доказите од вашата работа, би можеле ли да дадете примери за начините на кои технологијата (ИКТ) се користи од престапниците во контекст на ТСЛ за сексуална, трудова или други видови експлоатација? (За секој пример, наведете детали за видот на експлоатација и користената технологија, на пр. Интернет, одредени веб-страници, социјални медиуми, апликации).

2. Дали идентификувавте нови онлајн практики кои може да го зголемат ризикот од станување на жртва на ТСЛ?

3. Кои се предизвиците во откривањето на трговијата со луѓе преку користење на технологија? Како може да се зајакне идентификацијата на жртвите?

4. Дали имате примери на добри практики што сте ги развиле во откривањето на случаите на трговија со луѓе преку користење на технологијата и идентификувањето на жртвите?

5. Дали соработувате со органите на прогонот во справувањето со трговијата со луѓе преку користење на технологија? Кои се пречките за ваквата соработка и како тие би можеле да се надминат?

6. Каков вид на обука, доколку постои, обезбедувате на персоналот и волонтерите во врска со влијанието на технологијата врз ТСЛ? Која дополнителна обука би можела да биде корисна за да се зголеми ефективноста на стратегиите за откривање? Дали имате тим во вашата организација специјализиран за ТСЛ преку користење на технологија?

7. Дали има некои специфични недостатоци во сегашното домашно или меѓународно законодавство што ја попречува борбата против ТСЛ преку користење на технологијата?

**Дел 2. Користење на технологија за борба против ТСЛ**
8. Кои технолошки алатки, доколку ги има, се моментално достапни за да ви помогнат во идентификувањето на жртвите на ТСЛ (на пр. специфични апликации, аналитика на големи податоци, индексирање на веб)? Дали имате збир на индикатори („црвени знамиња“) за да ги идентификувате потенцијалните жртви? Каков тип на технолошки алатки би било корисно да поседувате?

9. Кои иницијативи кои се потпираат на технологија, доколку ги има, ви се достапни за да им помогнете на жртвите и да дистрибуирате информации до ризичните заедници? Кои иницијативи кои се потпираат на технологија би било корисно да се развијат?

10. Дали сте воделе кампања за подигање на свеста фокусирана на употребата на технологијата за трговија со луѓе? Доколку сте воделе, може ли да наведете некои детали за таквите кампањи?

11. Дали имате родово-чувствителни протоколи поврзани со употребата на технологија за борба против ТСЛ? Дали имате возрасно-чувствителни протоколи? Доколку имате, може ли да ги опишете овие протоколи?

12. Како е заштитена доверливоста на податоците при споделување на информациите со органите на прогонот? Како е избалансирана потребата на жртвите за доверливост при пристапот до услугите наспроти потребата од собирање докази за помош во борбата против ТСЛ?

13. Врз основа на доказите од вашата работа, како би го оцениле влијанието на технологијата врз ТСЛ на скала од 1 до 5?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Многу ограничено | | | | Многу важно |

На крај, дали има нешто друго што не е опфатено во овој прашалник што го сметате за релевантно во контекст на борбата против трговијата со луѓе, преку користење на ИКТ?

**Дополнителни материјали**
Ако е можно, може ли да споделите со нас какви било релевантни материјали што сте ги изработиле, вклучително и статистички податоци, соопштенија за медиуми и извештаи, кои се однесуваат на ТСЛ преку користење на ИКТ.

## Прашалник за технолошки компании

Овој прашалник се обидува да го разбере влијанието на технологијата врз трговијата со луѓе (ТСЛ) врз основа на докази од вашата работа на терен. Под технологија, подразбираме широк збир на информатички и комуникациски технологии (ИКТ) кои им овозможуваат на корисниците да разменуваат дигитални информации. Примери за тоа се Интернет, онлајн социјални медиуми и апликации за мобилни телефони.

**Дел 1. Влијанието на ИКТ врз ТСЛ**

1. Врз основа на доказите од вашата компанија/сектор, може ли да ги опишете начините на кои ИКТ се злоупотребуваат од страна на престапниците во контекст на ТСЛ (за сексуална, трудова или други видови на експлоатација)?

2. Дали идентификувавте нови онлајн практики кои може да го зголемат ризикот од станување на жртва на ТСЛ?

3. Кои механизми се развиени од вашата компанија или вашиот сектор поопшто, за спречување на злоупотребата на ИКТ за цели на ТСЛ?

**Дел 2. Соработка со органите на прогонот и граѓанското општество**

4. На кој начин, доколку ги има, вашата компанија соработува со органите на прогонот за да ја олесни идентификацијата на жртвите и истрагите за ТСЛ преку користење на ИКТ?

5. Кои се главните пречки за соработка со органите на прогонот во контекст на ТСЛ преку користење на ИКТ?

6. Дали има примери на добри практики за унапредување на соработката со органите на прогонот?

7. Кои се законските барања на кои подлежи вашата компанија во контекст на борбата против ТСЛ?

8. Кои алатки – правни и оперативни – би можеле да помогнат во зајакнувањето на соработката со органите на прогонот?

9. На кои начини, доколку постојат, вашата компанија соработува со граѓанското општество за да ја олесни идентификацијата и помошта на жртвите на трговија со луѓе?

**Дел 3. Искористување на технологијата**

10. Кои технолошки алатки, доколку ги има, моментално и се достапни на вашата компанија за идентификување на жртвите на ТСЛ? Дали се користат вештачка интелигенција, препознавање лица и/или аналитика на големи податоци за да се идентификуваат жртвите? Дали имате збир на индикатори („црвени знамиња“)?

11. Кои иницијативи кои се потпираат на технологија постојат во вашиот сектор за поддршка на истрагите и зајакнување на прогонот?

12. Кои мерки се во сила за заштита на човековите и граѓанските права на поединците, вклучувајќи ги податоците и правата на приватност, кога се борат против ТСЛ преку користење на ИКТ? Ако се користат технолошки алатки, на пример за чешлање на Интернет, кои протоколи се поставени за да се гарантира дека таквите алатки ги штитат чувствителните податоци, вклучително и за сексуалната ориентација, религијата и политичките ставови? Дали имате воспоставено возрасно-сензитивни протоколи?

13. Каков вид на обука, доколку има, му обезбедувате на персоналот во врска со влијанието на технологијата врз ТСЛ? Која дополнителна обука може да помогне да се зголеми ефикасноста на стратегиите за борба против трговијата со луѓе?

На крај, дали има нешто друго што не е опфатено во овој прашалник што го сметате за релевантно во контекст на борбата против трговијата со луѓе, преку користење на ИКТ?

**Дополнителни материјали**

Доколку е можно, ве молиме споделете ги со нас сите релевантни недоверливи материјали, вклучително и статистички податоци, соопштенија за медиуми и извештаи, кои се однесуваат на ТСЛ преку користење на ИКТ.

## Прашања за дискусија во фокус групи

1. Дали има некакви предизвици/проблеми/пречки во националната правна рамка за истражување (откривање, идентификација, докажување, документирање) на ТЛ извршена со помош на ИКТ?
2. Ве молиме проценете ги моменталните капацитети и способности на државните институции одговорни за борба против ТЛ во однос на човечките и техничките ресурси?
3. Кои се процедурите за идентификација и помош на жртвите, доколку ги има?
4. Кои се практичните предизвици во истражувањето на случаите на ТЛ извршена со помош на ИКТ (предизвици за откривање, гонење, докажување и меѓународна соработка)?
5. Дали постои воспоставена соработка помеѓу државните институции и граѓанското општество и приватните компании во истражувањето на случаите на ТЛ извршени со помош на ИКТ?
6. Како се организираат образовните активности поврзани со истражувањето на ТЛ извршена со помош на ИКТ, доколку ги има?

# Библиографија


- Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал, Искористени пред нашите очи, Проценка на комерцијалната сексуална експлоатација на децата и одговорите за заштита на децата на Западен Балкан, Извештај од истражување, 2021, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2021/05/Web-PDF-CSEC-Report-Exploited-in-Plain-Sight-Macedonian-final.pdf
- Заедничка декларација на министрите за внатрешни работи во Југоисточна Европа за јакнење на регионалната соработка во Југоисточна Европа за борба против трговија со луѓе, 16 март 2018 година
- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на РСМ бр. 36/2023 од 17.02.2023
- Извештај на САД за трговија со луѓе за 2021 година, Извештај за трговијата со луѓе за 2021 - Амбасада на САД во Северна Македонија (usembassy.gov)
- Извештај на САД за трговија со луѓе за 2022 година, Извештај за трговија со луѓе за 2022 година - Амбасада на САД во Северна Македонија (usembassy.gov)Курс за обука за судии и обвинители, Напреден курс за претрес, заплена и конфискување приходи од кривични дела на Интернет, Прирачник за самостојна обука, Совет на Европа, 2017
- Ла страда – Отворена порта, Можност или експлоатација, https://lastrada.org.mk/kampanji/mozhnost-ili-eksploataci-a/
- Новакова-Жикова, А. (ур.), Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервис провајдери. Краток водич за обвинители, ОБСЕ
- Новите технологии и нивното влијание врз трговијата со луѓе – тема на дискусија на клучните чинители во Северна Македонија, 31.10.2023, https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/new-technologies-and-their-impact-on-human-trafficking-discussed-with-key-actors-in-north-macedonia
- Омазиќ, И., Дали може на интернет да се биде анонимен, 2020, https://balkansmedia.org/mk/tutorijali/dali-mozhe-na-internet-da-se-bide-anonimen

- Пресечен меѓународен канал за трговија со луѓе од Тајван, 28.05.2021, https://jorm.gov.mk/presechen-me%D1%93unaroden-kanal-za-trgovi%D1%98a-so-lu%D1%93e-od-ta%D1%98van/
- Радио Слободна Европа, Тренчевска: Годинава три девојчиња биле цел на сексуална експлоатација, 30.05.2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32435138.html
- Упатство за пребарување и извлекување на податоци од мобилни уреди, МВР, јуни 2022
- А1Он, Видео: Во случајот за сексуална злоупотреба на 14-годишно девојче осомничени уште десетмина, 30.03.2023, https://a1on.mk/macedonia/video-vo-sluchajot-za-seksualna-zloupotreba-na-14-godishno-devojche-osomnicheni-ushte-desetmina/
- Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings, Warsaw, 16.05.2005, https://rm.coe.int/168008371d
- ECPAT International, Online child sexual exploitation: A common understanding, 2017, https://www.ecpat.org/wp-content/uploads/2017/05/SECO-Booklet_ebook-1.pdf
- European Convention on Human Rights, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_ENG
- GRETA, Online and technology-facilitated trafficking in human beings, Full report, April 2022, https://rm.coe.int/online-and-technology-facilitated-trafficking-in-human-beings-full-rep/1680a73e49
- Latonero, M., The Rise of Mobile and the Diffusion of Technology-Facilitated Trafficking. University of Southern California, Annenberg Center on Communication Leadership & Policy, 2012
- https://www.britannica.com/technology/metadata
- https://www.britannica.com/topic/sexting
- https://www.coe.int/en/web/anti-human-trafficking/greta
- https://www.plannedparenthood.org/learn/teens/bullying-safety-privacy/all-about-sexting
- https://www.verywellfamily.com/what-is-sexting-problem-1258921
- https://www.victimsupport.org.uk/you-co/types-crime/online-crime/sexting/
- https://guides.lib.unc.edu/metadata/definition
- https://myla.org.mk
- https://redbutton.mvr.gov.mk/default
- https://semper.org.mk
- https://techagainsttrafficking.org/

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

IMPETUS
Center for Internet, Development and Good Governance

ЕУ со ТЕБЕ